РЕПУБЛИЧКИ
СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
НА СООБРАЌАЈОТ
НА ПАТИШТАТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

# 2025

**РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА**
**РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ**
**НА ПАТИШТАТА**
**за 2025 година**

март 2026

**Содржина**


**Предговор**

**Вовед**

**1.Активности**

**1.1. Организирање и одржување на седници на РСБСП и на комисиите на РСБСП**

**1.2. Кампањи**

- **Кампања „Валентин или Трифун – што и да славиш, празнувај одговорно!“**
- **Кампања „Вози совесно, биди жена возач за пример!“**
- **Кампања “Стави појас”**

- **Кампања „Не користи мобилен телефон додека возиш“**
- **Кампања „Безбедноста на пешаците – одговорност на сите нас”**
- **Кампања „Паркирај совесно- Паркирај одговорно“**
- **Кампања „ Да ја подигнеме сообраќајната свест кај младите - 2025“**
- **Кампања “Безбедно на електричен тротинет за безбедно учество во сообраќајот со електрични тротинети”**
- **Глобална недела за безбедност на сообраќајот**
- **Кампања “Безбедно на велосипед”**
- **Кампања “Безбедно на мотоцикл - Носи кацига”**
- **Кампања “Безбедно на експресен пат“**
- **Кампања “Не ја загрозувај безбедноста во сообраќајот поради агресивно и брзо возење и користење на алкохол”**
- **Летна кампања “Вози Одморен“**
- **Европска недела на мобилност – 2025**
- **Кампања „ Да ги заштитиме децата во сообраќајот-2025“**
- **Проект „Подобрување на безбедноста во сообраќајот кај децата“**
- **Кампања за одбележување на „Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди“**
- **Кампања “Одговорно учество во сообраќајот на возачи на земјоделска механизација и работни машини“**
- **Кампања “Унапредување на работата на станиците за технички преглед и подигнување на свеста за важноста на техничката исправност на возилата“**
- **Зимска кампања „Безбедност на сообраќајот во зимски услови“**
- **“Новогодишна кампања”**

**1.3 Активности за соработка и формирање на Општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата**

**1.4 Сообраќајно едукативно дејствување преку Веб страната, фејсбук и инстаграм профил**

**1.5 Обезбедена опрема за МВР**

**1.6 Национални и меѓународни конференции и активности**

- **Јавна дебата „Безбедноста на пешаците – Одговорност на сите нас“**
- **Меѓународен ден на сообраќајната култура**
- **Прва национална конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната самоуправа“**
- **Работилница „Нацрт методологија за индикатори за безбедност во сообраќајот“**
- **20-та меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“**
- **18то меѓународно советување „Сообраќајни незгоди“**

- **Панел дискусија: “Безбеносните ризици на Експресен пат, проблеми и решенија”**
- **Меѓународна конференција за одржлива урбана мобилност**
- **16-та меѓународна научна конференција „Системска корупција – најголема безбедносна закана:Безбедносно стратешки пристапи за решавање на сложени предизвици“**
- **14-та Меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалните заедници“**
- **III Македонски конгрес за патишта - 2025**

**1.7 Меѓуинституционална соработка**

- **Соработка со Биро за Развој на Образование при Министерство за образование и наука**
- **Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2024 – 2029**
- **Национална методологија за истражување на индикатори за безбедност во сообраќајот на патиштата**
- **Стратегија за развој и оджување на патишта 2026 - 2036**
- **Јавна расправа „Анализа и утврдување на потребата од измена на законска регулатива со цел зајакнување на безбедноста на сообраќајот“**
- **Јавна трибина „Измени на ЗБСП и Закон за Прекршоците во рамки на проектот Безбеден Град“**
- **Учество во работна група за измени на ЗБСП и Закон за прекршоци**
- **Делегација на РСБСП на свеченото отворање на XXXI-от државен натпревар по прва помош**
- **РСБСП на првиот академски час на Факултетот за безбедност Скопје**
- **РСБСП на церемонијата за свечена промоција на дипломирани студенти на Факултетот за безбедност Скопје**

**1.8 Соработка со медиуми**

- **Интервју на претседателот Ангеловски за дневниот весник „Нова Македонија“**
- **Гостување на претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски на Сител ТВ**
- **РСБСП на годишен брифинг со новинарите**
- **Новогодишно интервју со претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски**

**1.9 Снимени едукативни видео спотови и филмови**

**2. Осврт кон активностите**

**2.1 Интензивирани континуирани стратешки активности**

**3. Препораки за идни активности**

### 3.1 Очекувани активности на РСБСП за 2026 година

### Заклучоци

## Предговор

Почитувани,

Со особено чувство на одговорност и посветеност Ви го претставуваме Годишниот извештај за работа на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година.

Активностите кои РСБСП ги реализира во 2025 година се во согласност со законските надлежности на Советот предвидени со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Деловникот за работа на РСБСП и истите се реализирани врз основа на Програмата за работа на РСБСП за 2025 година и одлуките на Советот, а се во насока за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и остварување на нејзините цели.

Изминатата година беше година на интензивна работа, засилена координација со релевантните институции и проширување на активностите насочени кон подигнување на јавната свест за значењето на безбедното учество во сообраќајот. Нашите активности беа водени од јасната определба дека секој изгубен човечки живот во сообраќајот претставува ненадоместлива загуба и за семејството и за општеството во целина.

Преку спроведување на национални кампањи, едукативни работилници, соработка со образовните институции и медиумите, како и преку изработка на анализи и препораки, Советот активно придонесуваше кон јакнење на сообраќајната култура и одговорноста кај сите учесници во сообраќајот.

Во 2025 година, особено успешна беше соработката на РСБСП со Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Факултетот за безбедност - Скопје при Универзитетот Климент Охридски - Битола.

Свесни сме дека резултатите во областа на безбедноста на сообраќајот се постигнуваат исклучиво преку заедничко делување. Затоа, упатуваме искрена благодарност до сите институции, партнери, соработници и поддржувачи кои придонесоа кон реализација на програмските активности во 2025 година.

Едукација на учесниците во сообраќајот, а посебно едукација на децата и младите како ранливи и ризични групи на учесници во сообраќајот беше главниот фокус на дејствување на

РСБСП во 2025 година. Согласно со тоа, оганизирани беа голем број на превентивни акции, сообраќајно едукативни настани, изработени и дистрибуирани беа голем број на сообраќајно едукативни материјали наменети за децата и младите.

Статистичките податоци покажуваат дека во 2025 година, во Република Северна Македонија, 132 лица[1] го загубиле животот во сообраќајни незгоди, што претставува намалување во однос на 2024 година, кога вкупно 142 лица[2] го загубиле животот во сообраќајни незгоди. Според наведените податоци, бројот на загинати лица во сообраќајни незгоди во 2025 година се намалил за 10 лица или за 7 % во однос на 2024 година.

Статистичките податоци потврдуваат дека состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија е поволна, но сеуште не е на потребното и на посакуваното ниво. Податоците истовремено потврдуваат дека состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија не е во согласност со целите дефинирани во Втората национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Имено, согласно целите од Втората национална стратегија, Северна Македонија, т.е безбедноста во патниот сообраќај во Северна Македонија, до 2020 година, требаше да го достигне нивото и просекот на земјите членки на ЕУ, а тоа значи 5 загинати лица во сообраќајни незгоди на 100 000 жители или помалку од 100 загинати лица во сообраќајни незгоди на годишно ниво.

Важно за напомена е дека од 01.12.2025 година, МВР започна со пробна работа (тест фаза) на системот за електронско детектирање и санкционирање на прекршоци „Безбеден Град“, најнапред во градот Скопје, а потоа и во Тетово, Куманово, коридор 10 и коридор 8, со тенденција да се имплементира на територија на целата држава. Овој систем првично ќе детектира четири вида на прекршоци (брзо возење, непочитување на светлосната сообраќајна сигнализација на семафоризирани крстосници, управување со возило со изминат рок на важност на сообраќајната дозвола и непрописно пракирање). Од причина што бројот на детектирнаи прекршоци преку системот „Безбеден Град“ во пробниот период во месец Декември 2025 година драстично се намали, односно на 01.12.2025 година само во градот Скопје беа откриени повеќе од 100000 прекршоци, а при крајот на месец Декември оваа бројка десеткратно се намали, очекуваме неговата целосна имплементација во 2026 година, сериозно да влијае на унапредување на безбедносната состојба во сообраќајот на патиштата, односно да се намали бројот на сообраќајни незгоди со тешки последици.

РСБСП во 2025 година реализира голем број на активности и настани, голем број на превентивни, сообраќајно едукативни кампањи, изработка на стручна литература, дистрибуција и презентација на видео спотови и голем број на други активности утврдени во Програмата за работа за 2025 година од што може да се заклучи дека Програмата за работа на РСБСП за 2025 година е успешно реализирана.

---

[1] Извор: Статистички извештај на МВР за 2025 год.

[2] Извор: Статистички извештај на МВР за 2024 год.

Остануваме посветени на понатамошно унапредување на системот на безбедност во сообраќајот, со јасна визија за создавање безбедна, одговорна и хумана сообраќајна средина за сите граѓани.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РСБСП

м-р Горан Ангеловски

**Вовед**

Годишниот извештај за работа на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година претставува сеопфатен преглед на реализираните активности, постигнатите резултати и предизвиците со кои се соочивме во текот на извештајниот период.

Во услови на динамичен сообраќаен развој, зголемен интензитет на мобилност и постојани технолошки промени, безбедноста на сообраќајот останува еден од врвните општествени приоритети. Советот, во согласност со својата законска надлежност и стратешките

определби на државата, континуирано работеше на унапредување на сообраќајната култура, јакнење на јавната свест, едукација на сите категории учесници во сообраќајот и поддршка на институционалната координација.

Во текот на 2025 година, реализирани се бројни превентивни кампањи, едукативни програми за деца и млади, стручни обуки, истражувања и анализи на состојбите во сообраќајот, изработка на стручна литература, продукција и емитување на едукативни аудио и видео материјали, медиумски настапи, како и активности насочени кон подобрување на нормативната и стратешката рамка. Посебен акцент беше ставен на намалување на сообраќајните незгоди со тешки последици, заштита на ранливите категории учесници во сообраќајот и унапредување на партнерството со институциите, локалната самоуправа, образовните установи, медиумите и граѓанскиот сектор.

Овој извештај обезбедува транспарентен увид во работењето на Советот, финансиското управување, реализираните проекти и степенот на исполнување на поставените цели. Истовремено, тој претставува основа за понатамошно планирање и креирање политики насочени кон создавање побезбедни патишта и одговорно учество во сообраќајот.

Во 2025 година РСБСП посебен акцент во својата работа стави на унапредување на сообраќајната едукација кај децата и младите. Како посебно значајни активности, кои имаат стратешка важност, а се реализирани во 2025 година се издвојуваат:

- Со цел унапредување на безбедност на децата и младите во сообраќајот, реализирани се голем број на активности за едукација на децата и младите за основните сообраќајни правила и прописи и подигање на свеста и одговорноста кај возрасните за поголема безбедност на децата и младите во сообраќајот. Реализирани се кампањи „ Да ги заштитиме децата во сообраќајот - 2025“, „Безбедноста на пешаците-одговорност на сите нас“, „Да ја подигнеме сообраќајната свест кај матурантите - 2025“.
- Организирани се кампањи за едукација и подигање на свеста кај велосипедистите, возачите на електрични тротинети и мотоциклистите за нивно одговорно учество во сообраќајот.
- Реализирани се кампањи за користење на сигурносни појаси за едукација и подигање на свеста кај возачите и патниците за поголема употреба на сигурносните појаси.
- Со цел унапредување на работата на Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и унапредување на сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво, РСБСП во 2025 година, оствари високо ниво на соработка со Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и согласно своите можности континуирано обезбедуваше и дистрибуираше едукативни материјали и стручна помош за потребите и функционирањето на Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Советот останува цврсто посветен на својата мисија – зачувување на човечките животи и намалување на последиците од сообраќајните незгоди преку континуирана едукација, превенција и соработка.

**1.Активности**

РСБСП, самостојно и во соработка со партнерите, во 2025 година, реализираше 55 (пеесет и една) активности кои спаѓаат во групата на поважни активности, настани и акции кои имаа за цел унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република С.Македонија. Во годишниот извештај за работа на РСБСП за 2025 година накратко ќе бидат прикажани најзначајните реализирани активности во текот на 2025 година.
Како позначајни реализирани активности во наведениот период се издвојуваат:

**1.1 Организирање и одржување на седници на РСБСП и на комисиите на РСБСП**

Во текот на 2025 година, одржани се вкупно 11 (единаесет) седници на РСБСП, како и повеќе состаноци на Комисиите и работните групи при РСБСП. Организирањето и одржувањето на седниците на РСБСП и на комисиите на РСБСП е со цел реализација на програмските активности на РСБСП и оперативно разгледување и имплементација на тековните задачи на РСБСП, во насока на реализирање на Програмата за работа, како и разгледување на конкретни иницијативи, предлози и прашања во врска унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија.

**1.2. Кампањи**

- **Кампања „Трифун или Валентин – што и да славиш, празнувај одговорно!“**

Сообраќајните незгоди претставуваат една од водечките причини за смртност кај луѓето. Периодот пред и за време на празници е време кога сообраќајот на патиштата е поинтензивен и неопходно е да се посвети посебно внимание на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, РСБСП на својата 4 (четврта) седница, одржана на 29.01.2025 година, донесе одлука бр.0201-1/10 за реализација на кампања за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот за време на празникот Св. Валентин и Св. Трифун.

Целта на оваа сообраќајно едукативна кампања е намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди во овој период од годината преку засилување на сообраќајно превентивното дејствување насочено кон сите групи учесници во сообраќајот, со посебен акцент на младите.

Кампањата е реализирана во тек на месец Февруари 2025 година, во соработка со МВР, Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и други општествени чинители и се спроведе на ниво на цела Република Северна Македонија.

Во рамки на кампањата, учесниците во сообраќајот беа едуцирани за последиците од сообраќајните незгоди и за тоа како да се однесуваат во сообраќајот за време на празникот. Процесот на едукација се реализираше преку сообраќајно едукативни предавања, преку изработка и дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали (флаери, фрешери, налепници, и друг промотивен материјал со сообраќајно едукативна содржина).

Кампањата се реализираше теренски односно на местата каде младите најчесто се присутни и во директна и непосредна комуникација со нив. Покрај тоа, кампањата беше поддржана со изработка на едукативни текстови и нивна објава до медиумите, закуп на медиумски простор на веб портали, пишани медиуми, активности преку социјалните медиуми, итн.

- **Кампања „Вози совесно, биди жена возач за пример!“**

По повод Денот на жената 8 –ми Март, реализирана е собраќајно едукативна и превентивна кампања за подобрување на безбедноста на жените во сообраќајот, во која акцент е ставен на едукација на жените и подигање на свеста за нивно одговорно учество во сообраќајот, но и подигање на свеста за почитување на жените како рамноправни учесници во сообраќајот.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на РСБСП бр.0201–2/12 од пета седница на РСБСП одржана на 26.02.2025 година.

Кампањата е реализирана во месец Март 2025 година и се спроведе на ниво на цела Република Северна Македонија, во соработка со МВР и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во рамките на кампањата беа реализирани повеќе активности и тоа акција за дистрибуција на флаери и пристојни подароци со едукативни пораки и ФБ активности., итн. Покрај тоа во рамките на кампањата беа организирани јавни настани за подигање на свеста и почитување на жените како рамноправни учесници во сообраќајот. Преку реализација на оваа сообраќајно едукативна кампања се придонесе за информирање, едуцирање и подигање на јавната свест кај жените за нивно одговорно и внимателно учество во сообраќајот а со тоа и подобрување на вкупната безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија. Силното медиумско презентирање и покривање на настанот и неговите цели

дополнително придонесе за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот од страна на сите учесници во сообраќајот.

- **Кампања “Стави појас”**

Некористење на сигурносниот појас е една од причините за големиот број на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди а она што дополнително загрижува е тоа што само минимален број од патниците на задните седишта користат сигурносен појас. Токму затоа, РСБСП пристапи кон реализација на кампања за едукација на возачите и патниците за ризикот и опасностите на кои се изложуваат поради неодговорното однесување во сообраќајот и подигање на јавната свест за поголема употреба на сигурносни појаси и детски седишта во возилата.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот бр.0201 – 10/2 од 3-та (третата) седница на РСБСП одржана на ден 26.12.2024 година.

Кампањата е реализирана на ниво на цела Република Северна Македонија, во период од 12 месеци во текот на 2025 година заедно со активностите од кампањата ”Не користи мобилен телефон додека возиш“, а во соработка со МВР, МОН, МТСП, Факултет за безбедност – Скопје и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Целта на Кампањата е да се истакне личната одговорност, личниот придонес и личната обврска на секој возач и патник да користи сигурносен појас, како и зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди преку едукација и подигање на свеста за поголема употреба на сигурносни појаси и детски седишта во возилата.

Во рамки на кампањата беа организирани голем број на активности со кои што ќе се влијае на возачите и патниците за поголема употреба на сигурносни појаси и детски седишта во возилата. Беа одржани повеќе јавни едукативни настани, предавања, изготвен и дистрибуиран информативен– едукативен материјал на повеќе јазици во вид на флаери, плакатите, фрешери, банери, налепници и др. на јавни места, образовни институции, спортски натпревари и културни настани и манифестации, станици за технички преглед, автошколи и други. Посебен акцент во реализацијата на кампањата се стави на медиумските активности и на активностите реализирани со посредство на социјалните медиуми.

- **Кампања „Не користи мобилен телефон додека возиш“**

Врз основа на одлука на РСБСП бр. 0201 – 10/2 од 3-та (третата) седница на РСБСП одржана на ден 26.12.2024 година, во врска со реализација на сообраќајно воспитна кампања за сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот и унапредување на нивната безбедност во сообраќајот, се реализираше кампањата под мотото: „Не користи мобилен телефон додека возиш“.

Кампањата се реализираше на територијата на Република Северна Македонија во период од 12 месеци во текот на 2024 година, заедно со партнерите МВР, Факултет за безбедност – Скопје, ОСБСП.

Целна група на оваа кампања беа сите групи на учесници во сообраќајот (возачи на: автобуси, камиони, автомобили, моторцикли, електрични тротинети, велосипеди, пешаци и др).

Во рамките на кампањата беа реализирани повеќе активности, настани и манифестации и тоа: Дистрибуција и презентација на едукативни видео спотови со посредство на медиумите, организација на сообраќајно воспитни настани и предавања за учесниците во сообраќајот – сообраќајни училници, изработка и дистрибуција на сообраќајно воспитни и едукативни материјали за истите, активности за подигање на јавната свест за некористење на мобилните телефони при секое вклучување во сообраќајот, итн.

Целта на оваа кампања е да се придонесе за континуирана сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот и подигнување на свеста кај истите за ризиците од користење на мобилен телефон додека се вози, како и за намалување на бројот на сообраќајни незгоди, загинати и повредени во сообраќајни незгоди.

- **Кампања „Безбедноста на пешаците - одговорност на сите нас”**

РСБСП следејќи ја состојбата и утврдувајќи дека не постои пообемна соодветна литература за едукација на пешаците и сите други учесници во сообраќајот за да се идентификуваат пешаците како рамноправни учесници во сообраќајот, ја идентификува потребата од изготвување и дистрибуција на сообраќајно едукативен материјал кој на еден лесен, едноставен и практичен начин ќе им помогне на сите учесници во сообраќајот да обрнат поголемо внимание на пешаците и нивната безбедност во сообраќајот.

За таа цел, а врз основа на донесена Одлуката на Советот бр.0201 – 2/13 од 5 - та (петтата) седница на РСБСП одржана на 26.02.2025 година, се реализираше кампањата „Безбедноста на пешаците - одговорност на сите нас”.

Безбедноста на сообраќајот на патиштата во голема мера зависи од културата, етиката и знаењето на сите учесници во сообраќајот, а токму културата во сообраќајот се учи од најмала возраст, за што е потребно вклучување на образовните институции кои треба да го дадат првиот импулс во знаењето на најмладите во областа на безбедноста во сообраќајот и нивното првично вклучување како пешаци и рамноправни учесници во сообраќајот.

Кампањата е реализирана во период од Април, Мај, Септември и Декември 2025 година, на ниво на цела Република Северна Македонија, во соработка со МВР, МОН, МТСП, Факултет за безбедност – Скопје и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во рамки на кампањата беа опфатени три групи на активности и тоа:

- активности за едукација на пешаците за основните правила и прописи во сообраќајот и нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот,
- активности за едукација на возрасните - возачите и унапредување на нивниот однос кон пешаците како учесници во сообраќајот и

- активности за поттикнување на образовните институции за едукација и издигнување на безбедноста на пешаците во сообраќајот на ниво на највисок општествен и институционален приоритет.

Преку оваа кампања, РСБСП промовираше едукативен материјал во печатен и електронски облик, јавно достапен, кој на лесен начин, практичен и прифатлив за сите учесници во сообраќајот, кој дополнително ќе ги едуцира и ќе даде придонес за безбедноста во сообраќајот.

Воедно, Кампањата опфати превентивно-едукативни активности во директна комуникација со пешаците и возачите заради изградување на правилни сообраќајни навики и етичко однесување на сите категории учесници во сообраќајот.

- **Кампања „Паркирај совесно- Паркирај одговорно“**

Врз основа на законските надлежности од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и согласно обврските кои произлегуваат од Програмата за работа на РСБСП за 2025 година и врз основа на утврдените потреби, РСБСП пристапи кон реализација на наведената кампања.

Кампањата е реализирана врз основа на одлука на РСБСП 0201-2/14 од петтата седница на РСБСП одржана на ден 26.02.2025 година.

При носењето на одлуката за реализација на оваа кампања, Советот имаше за цел да се придонесе за сообраќајна едукација на возачите кои не правилно и не прописно ги паркираат возилата, притоа загрозувајки ја безбедноста на пешаците, децата, велосипедистите, лицата со ограничени можности, итн. и подигање на свеста за правилно и одговорно паркирање, а со тоа и намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди.

Кампањата беше реализирана во периодот од Март до Декември 2025 година на територијата на цела држава, со поддршка на Министерството за внатрешни работи, Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и други партнери. Во рамките на наведената кампања беа организирани повеќе настани и активности и тоа: засилени контроли, едукативни разговори и поуки со возачите, дистрибуција на едукативни материјали, изработка на едукативни текстови, радио пораки, совети,закуп на медиумски простор и негово користењее за потребите на кампањата, итн.

Покрај тоа беа реализирани и активности преку електронските и социјалните медиуми со цел подигање на свеста за последиците од неодговорно паркирање.

- **Кампања „ Да ја подигнеме сообраќајната свест кај младите - 2025“**

Во месеците април и мај 2025 година, во пресрет на матурските прослави, РСБСП во соработка со МВР, МОН, Факултетот за безбедност – Скопје и ОСБСП ја реализираше кампања под мотото „ Да ја подигнеме сообраќајната свест кај младите - 2025“.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлуката на РСБСП бр. 0201 – 3/7 од 6-та (шестата) седница на РСБСП одржана на ден 24.03.2024 година.

Кампањата се реализираше на територијата на Република Северна Македонија, каде како целна група беа опфатени младите од средните училишта, особено матурантите. Во рамки на кампањата беа предвидени активности за едукација на младите за основните правила и прописи во сообраќајот и нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот и активности за едукација на возачите и унапредување на нивниот однос кон сите учесници во сообраќајот.

При спроведување на кампањата беа реализиранио повеќе активности, настани и манифестации и тоа: Дистрибуција и презентација на едукативни видео спотови за млади со посредство на медиумите, организација на сообраќајно воспитни настани и предавања за младите – сообраќајни училници, изработка и дистрибуција на сообраќајно воспитни и едукативни материјали за младите, активности за подигање на јавната свест за поголемо внимание на младите возачи и родителите кон младите како учесници во сообраќајот, итн.

Покрај тоа, кампањата беше поддржана, односно еден дел од кампањата се реализираше и преку електронските медиуми (објава на едукативни текстови, веб банери со пораки за поголема безбедност на младите во сообраќајот, учество на претставници на РСБСП во тв и радио емисии за поголема безбедност на младите во сообраќајот, итн.) активности преку социјалните медиуми на РСБСП ( фејсбук и инстаграм), итн.

Со реализацијата на оваа кампања се придонесе за континуирана сообраќајна едукација на младите и намалување на бројот на загинати и повредени во сообраќајни незгоди, осбено во периодот на матурските прослави.

- **Кампања “Безбедно на електричен тротинет за безбедно учество во сообраќајот со електрични тротинети”**

Во услови на зголемување на интензитетот на сообраќај на електрични тротинети како на алтернативна форма на мобилност, а со цел намалување на бројот на сообраќајни незгоди во кои учесници се лицата кои управуваат електрични тротинети, на 7-та (седмата) седница на РСБСП одржана на ден 29.04.2025 година, Советот донесе одлука број 0201-4/7 за реализација на сообраќајно едукативна кампања, “Безбедно на електричен тротинет за безбедно учество во сообраќајот со електрични тротинети”.

Истата беше реализирана во периодот од мај до октомври 2025 год. во соработка со единиците на локалната самоуправа, Министерството за внатрешни работи, како и општествено одговорни компании, познати и афирмирани личности од јавниот живот.

Во рамки на кампањата беа реализирани активности за едукација на лицата кои управуваат електрични тротинети и подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на лицата кои управуваат електрични тротинети во сообраќајот односно нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот, активности за едукација на возачите и унапредување на нивниот однос кон лицата кои управуваат електрични тротинети како рамноправни учесници во сообраќајот и активности за поттикнување на надлежните институции за издигнување на безбедноста на лицата кои управуваат електрични тротинети во сообраќајот на ниво на општествен и институционален приоритет. Како дел од активностите, РСБСП, во сорботка со МВР и клиниката за трауматологија при клинички центар „Мајка Тереза“, како и сведоштво на

возач на електричен тротинет-учесник во сообраќајна незгода кој се здобил со тешки повреди, сними едукативен видео спот во кој беа објаснети сообраќајните правила и прописи кои се однесуваат на возачите на електрични тротинети и беше укажано на последиците кои може да настанат како резултат на непочитување на истите.

- **Глобална недела за безбедност на сообраќајот**

По повод Глобалната недела за безбедност на сообраќајот, РСБСП на својата 7-ма (седма) седница одржана на 29.04.2025 година, донесе одлука бр.0201–4/6 за реализација на сообраќајно воспитна кампања за сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот и унапредување на нивната безбедност во сообраќајот.

Кампањата се реализираше под мотото: „Одговорно во сообраќајот – безбедноста пред сè!“ во текот на втората седмица од месец мај 2025 година.

Во рамките на кампањата беа опфатени активности за едукација на сите учесници во сообраќајот и нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот на патиштата.

Носител на активностите и координатор во реализацијата на кампањата беше РСБСП, а партнери во реализација на активностите беа МВР, Факултет за безбедност – Скопје и ОСБСП.

Кампањата се реализираше на територијата на Република Северна Македонија при што беа опфатени сите групи на учесници во сообраќајот (возачи на: автобуси, камиони, автомобили, моторцикли, електрични тротинети, велосипеди, пешаци и др).

Кампањата се состоеше од повеќе активности, настани, манифестации и тоа: Дистрибуција и презентација на едукативни видео спотови со посредство на медиумите, организација на сообраќајно воспитни настани и предавања за учесниците во сообраќајот – сообраќајни училници, изработка и дистрибуција на сообраќајно воспитни и едукативни материјали за истите, активности за подигање на јавната свест за внимателно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата, итн. Исто така еден дел од кампањата се реализираше и преку електронските медиуми (објава на едукативни текстови, веб банери со пораки за поголема безбедност во сообраќајот, учество на претставници на РСБСП во ТВ и радио емисии за поголема безбедност во сообраќајот, итн.) активности преку социјалните медиуми на РСБСП ( фејсбук и инстаграм).

- **Кампања “Безбедно на велосипед”**

“Безбедно на велосипед” е сообраќајно едукативна кампања наменета за безбедноста на велосипедистите како рамноправни но исто така и ранливи учесници во сообраќајот во услови на експанзија на користењето на велосипедите како алтернативна форма на мобилност.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот број 0201-4/8 од 7-та (седмата) седница на РСБСП одржана на ден 09.04.2025 година.

Целта на кампањата е подигање на свеста за почитување на сообраќајните правила и прописи, користење на заштитна опрема и зголемување на безбедноста на велосипедистите, а со тоа и намалување на бројот на сообраќајни незгоди во кои учесници се велосипедисти и намалување на бројот на загинати и повредени велосипедисти во сообраќајни незгоди.

Кампањата е реализирана во период од мај – септември 2025 година, на ниво на цела Република Северна Македонија, во соработка со МВР, единиците на локалната самоуправа, невладини организации и други.

Во рамките на кампањата беа реализирани повеќе активности, настани и манифестации и тоа: активности и иницијативи за подобрување на сообраќајната инфраструктура наменета за велосипедистите, организација на сообраќајно воспитни настани и предавања за велосипедистите, изработка и дистрибуција на сообраќајно воспитни и едукативни материјали за велосипедистите и за возачите на моторни возила, активности за поголема заштита на велосипедистите во сообраќајот, активности за подигање на јавната свест за поголемо внимание кон велосипедистите како учесници во сообраќајот и др.

Кампањата беше подржана од повеќе партнери и во реализација на активностите покрај надлежните институции се вклучија и општествено одговорни компании, познати и афирмирани личности од јавниот живот кои со свои пораки ги повикаа граѓаните на одговорно учество во сообраќајот и придонесоа за подигање на јавната свест за поголемо внимание кон велосипедистите како ранлива група учесници во сообраќајот.

- **Кампања "Безбедно на мотоцикл - Носи кацига"**

Оваа кампања се реализираше со цел едукација на моторциклистите и подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на моторциклистите во сообраќајот односно нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот.

Кампањата се реализираше врз основа на одлука на Советот број 0201-4/5 од 7-та (седмата) седница на РСБСП одржана на ден 29.04.2025 година, во текот на цела 2025 година.

Во рамките на кампањата беа реализирани повеќе активности, настани и манифестации и тоа: организација на трибини на отворено, хепенинзи и дефилеа за едукација на мотоциклистите, изработка и дистрибуција на сообраќајно воспитни и едукативни материјали за моторциклистите, активности за подигање на јавната свест кај мотоциклистите за нивно одговорно учество во сообраќајот и зголемена употреба на опрема за пасивна безбедност како и за подигање на јавната свест за поголемо внимание кон моторциклистите како учесници во сообраќајот и др.

Кампањата беше реализирана во соработка со МВР, Мотоциклистичката федерација, мотоклубовите, ОСБСП и други партнери, а еден дел од кампањата се реализираше преку електронските медиуми (објава на едукативни текстови, веб банери со пораки за поголема безбедност на моторциклистите во сообраќајот, итн.) и преку социјалните медиуми на РСБСП (фејсбук, твитер, инстаграм).

- **Кампања "Безбедно на експресен пат"**

Оваа кампања е подготвена врз основа на Меморандумот за соработка склучен помеѓу Министерството за внатрешни работи и РСБСП бр. 0302-73/1 од 25.05.2023 година и одржаните состаноци за почеток на Проект „Безбедно на експресен пат", а се однесува на реализација на

аудио визулени содржини за правилно користење на експресен пат - видео спот наменет за учесниците во сообраќајот на експресните патиштаво државата. Проектот беше завршен на почетокот на месец Јуни 2025 година, кога и беше неговата промоција.

Организација и реализација на сообраќајно едукативен проект е наменет за учесниците во сообраќајот на експресните патишта во државата и се реализираше преку следните активности:

- Подготовка на идејно решение за сообраќајно едукативен видео материјал за спот „Експресен пат - Безбеден пат", преку работни состаноци со групата од Министерството за внатрешни работи и претставници од РСБСП;
- Изработка на Сценарио и Синопсис за продукција на видео материјал за видео спот „Експресен пат - Безбеден пат" кој има за цел да ги информира и едуцира возачите за правилно користење на моторните возила при возење на експресен пат;
- Продукција на готов видео материјал - спот „Експресен пат - Безбеден пат", негова промоција и дистрибуција преку електронските медиуми на ниво на Р.С.Македонија, во соработка со Министерството за внатрешни работи;
- Изработка на сообраќајно едукативен видеоматеријал - видео спотови во согласност со содржините од програмата и се реализираше континуирано во период од мај до јуни 2025 година.

Главната цел на овој проект е информирање и едуцирање на возачите на моторни возила за правилата при возење на експресен пат. Целта, се надеваме ќе се постигне со интензивно и активна промоција на содржината на видео спотот „Експресен пат - Безбеден пат", на сите електронски медиуми.

Реализацијата на овој проект треба да придонесе за намалување на бројот на сообраќајни незгоди кои се случуваат на експресните патишта, особено оние предизвикани од непочитувањето на правилата за безбедно возење и престигнување.

Преку зголемена едукација на возачите за важноста на прилагодување на брзината, одржување соодветно растојание и правилно користење на сообраќајните ленти, со што се очекува да се намали ризикот од незгоди предизвикани од недоволното познавање и почитување на сообраќајните правила и прописи, с со тоа и бројот на загинати и повредени лица.

- **Кампања "Не ја загрозувај безбедноста во сообраќајот поради агресивно и брзо возење и користење на алкохол"**

Кампањата е реализирана врз основа на одлука на РСБСП бр. 0201 – 5/4 од 9-тата (деветата) седница на РСБСП одржана на ден 19.06.2025 година, под мотото: "Не ја загрозувај безбедноста во сообраќајот поради агресивно и брзо возење и користење на алкохол" и ќе се реализира во месец јули-октомври 2025 година.

Во рамките на кампањата беа опфатени активности за едукација на учесниците во сообраќајот и нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот кога управуваат превозни средства со поголема брзина, агресивно возење или управуваат возило под дејство на алкохол, како и унапредување на нивниот однос кон сите учесници во сообраќајот.

Носител на активностите и координатор во реализацијата на кампањата беше Републичкиот совет за безбедност на сообвраќајот на патиштата, а партнери во реализација на активностите беа МВР, Факултет за безбедност – Скопје, ОСБСП и други партнери.

Кампањата беше реализирана на територијата на Република Северна Македонија и беа опфатени сите групи на учесници во сообраќајот (возачи на: автобуси, камиони, автомобили, моторцикли, електрични тротинети, велосипеди, пешаци и др).

Целта на оваа кампања е да се придонесе за континуирана сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот и подигнување на свеста кај истите за ризиците и последиците кои произлегуваат од брзото и агресивно возење и управување на превозни средства под дејство на алкохол, како и за намалување на бројот на сообраќајни незгоди, загинати и повредени во сообраќајни незгоди.

- **Летна кампања - 2025**

Врз основа на одлуката на РСБСП бр.0201-5/4 од 8-мата (осмата) седница на РСБСП одржана на 26.05.2025 годината, беше реализирана сообраќајно едукативна кампања со цел унапредување на безбедност на сообраќајот на патиштата во летниот период: „Летна кампања - 2025“, а се реализираше под мотото „Вози Одморен“.

Искуствата од изминатите годинини укажуваат на фактот дека во летниот период, за време на годишните одмори, во услови на зголемена сообраќајна фреквенција, високи температури и опуштена атмосфера, се зголемува ризикот од случување на сообраќајни незгоди со тешки последици. Конкретно, статистичките податоци покажуваат дека во летниот период, односно во летните месеци, доаѓа до речиси двојно зголемување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди во однос на останатите месеци во годината.

Ваквите состојби ја поттикнуваат потребата секоја година да се реализира широка и сеопфатна превентивна акција за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во овој период од годината. Согласно тоа, РСБСП во соработка со МВР и другите партнери ја реализираше „Летната Кампања 2025“. Минатата година летната кампања се реализираше во соработка со надлежните институции во Република Србија, исто така под мотото “Вози одморен!“ паралелно и во Република Србија.

Реализацијата на летна кампања за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во летниот период е традиционална активност која РСБСП ја реализира повеќе години наназад. Партнери во активноста беа Министерството за внатрешни работи, Факултетот за безбедност – Скопје, Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, Црвен крст, Станици за технички преглед, испитните центри, автошколите, општествено одговорни компании и поединци, итн. Носител на активностите беше РСБСП.

Во рамките на „Летната кампања 2025“ беа реализирани голем број на активности за подигање на јавната свест за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата преку зголемено почитување на сообраќајните правила и прописи, преку едуцирање и информирање на возачите за сообраќајните правила и прописи, со посебен акцент за информирање возачите за последиците и законските санкции кои произлегуваат од определени видови на сообраќајни прекршоци (алкохол, брзо возење, итн.) како и едуцирање и информирање на сите учесници во

сообраќајот за влијанието на заморот и на високите температури на способноста за управување на возилата, техничка исправност на возилата итн.

Заморот, брзото возење и алкохолот како ризик фактори кои ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патиштата беа посебна цел во оваа кампања. За таа се изработија и дистрибуираа повеќе видови на едукативни материјали.

Како дел од кампањата беа организирани и превентивно-едукативни настани „Караван за безбедноста во сообраќајот“ во повеќе градови и туристички центри, заедно со МВР, Црвениот Крст на Република Македонија и останати партнери и соработници (Факултет за безбедност – Скопје, АМСМ, Македонско Радио и ОКТА). Оваа активност беше насочена кон сите категории учесници во сообраќајот – возачи на автомобили, мотоциклисти, велосипедисти, возачи на електрични тротинети и пешаци. Караваните предизвикаа големо внимание и силен интерес од страна на локалното население и туристите во туристичките места. Големиот интерес се рефлектираше преку бројните прашања од посетителите, кои бараа совети за унапредување на своите вештини за безбедно учество во сообраќајот и активно се вклучуваа во практичните едукативни активности. Посетителите имаа можност одблизу да се запознаат со превентивните програми, едукативните материјали и практичните совети за безбедно учество во сообраќајот.

- **Европска недела на мобилност – 2025**

Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку намалување на сообраќајниот метеж со спроведување на сообраќајно превентивна кампања за подигање на јавната свест за зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност, со посебен акцент на промоција на велосипедот како сообраќајно превозно средство, претставува еден од начините и инструментите кои РСБСП редовно ги користи во напорите за намалување на бројот на сообраќајни незгоди и намалување на бројот на настрадани лица во сообраќајни незгоди.

Со цел подигање на јавната свест за поголема употреба на алтернативни форми на мобилност, во прв ред промоција на велосипедизмот како облик на сообраќај, РСБСП на својата 9-та (деветта) седница одржана на ден 19.06.2025 година, донесе одлука број 0201-6/7 за организација и реализација на кампања **“Европска недела на мобилност 2025“** .

Реализацијата на оваа кампања придонесе кон формирање на здрави животни навики, чиста животна средина, побезбеден сообраќај и поддршка на алтернативните форми на мобилност како и подобрување на безбедноста на децата како масовна и ранлива група учесници во сообраќајот преку зголемена сообраќајна едукација на децата и подигање на свеста кај останатите учесници во сообраќајот за внимателно и одговорно учество во сообраќајот.

Активноста се реализираше во краток временски период како наменска сообраќајно-едукативна кампања за подигнување на јавната свест во тек на третата седмица од месец септември 2025 година.

„Европска недела на мобилност - 2025“ е кампања прогласена од Европската унија, поточно од Европската Комисија и во истиот период се реализираше во повеќе европски држави истовремено.

Во рамките на кампањата, РСБСП организираше и учествуваше на повеќе јавни настани, сообраќајно-едукативни предавања, велосипедски и други манифестации, во училиштата дистрибуираше сообраќајно-едукативни материјали за деца, постави мобилни пунктови за дистрибуција на сообраќајно-едукативни материјали, со цел едукација на учесниците во сообраќајот и подигање на јавната свест за поголема употреба на алтернативни форми на мобилност, со посебен акцент за поддршка на велосипедизмот.

Со посредство на социјалните, електронските и пишаните медиуми и преку средствата за јавно инфомирање се пристапи кон реализација на активности за поттикнување и поддршка на граѓаните за поголема и правилна употреба на алтернативни форми на мобилност.

- **Кампања „ Да ги заштитиме децата во сообраќајот-2025“**

Врз основа на одлука на РСБСП бр.0201–10/2 од третата седница на РСБСП одржана на 26.12.2024 година и одлука бр.0201–6/5 од деветата седница на РСБСП одржана на 19.06.2025 година, РСБСП реализираше сообраќајно, воспитна и едукативна активност за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот и унапредување на сообраќајната едукација, култура и етика кај децата. Кампањата беше насловена: „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“ и се реализираше континуирано во период од 8 месеци, односно во периодот од јануари до јуни и септември до декември 2025 година, усогласена со реализацијата на наставната програма во предшколско, основно и средно образование во зависност од условите дефинирани за тековната учебна година.

Во рамки на кампањата беа опфатени три групи на активности и тоа: активности за едукација на децата за основните правила и прописи во сообраќајот и нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот, активности за едукација на возачите и унапредување на нивниот однос кон децата како учесници во сообраќајот и активности за подигање на свеста кај возрасните и поттикнување на надлежните институции за издигнување на безбедноста на детето во сообраќајот на ниво на врвен општествен и институционален приоритет.

Носител на активностите и координатор во реализацијата на кампањата беше РСБСП а партнери во реализација на активностите беа МОН, МВР, МТСП, ОСБСП, Црвен Крст, општествено одговорни компании, јавни личности и др.

Во рамките на кампањата беа реализирани повеќе активности, настани и манифестации и тоа: активности и иницијативи за подобрување на сообраќајната инфраструктура во близина на училиштата и детските градинки, организација на сообраќајно воспитни настани и предавања за децата, изработка и дистрибуција на сообраќајно воспитни и едукативни материјали за деца и за возрасни, активности за поголема употреба на детските седишта како начин за заштита на децата во сообраќајот, активности за подигање на јавната свест за поголемо внимание кон децата како учесници во сообраќајот и др.

Како дел од активностите од оваа кампања, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, во соработка со општина Босилово, Отсекот за превенција при СВР

Струмица организираше едукативна и практична активност во Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ во општина Босилово. Дел од настанот беше и обновување на пешачкиот премин пред училиштето, со обнова на хоризонталната сигнализација на постојниот пешачки премин, од страна на наставниците и учениците заедно со претставници од РСБСП, испраќајќи силна порака за значењето на безбедното движење на децата во сообраќајот.

Исто така, како дел од оваа кампања, РСБСП во соработка со Министерството за внатрешни работи и Отсекот за превенција при СВР Скопје, организираше посета за учениците од основното училиште „Јоаким Крчовски“ во Волково на РСБСП. Цел на посетата беше одблиску да се запознаат со работата на Советот и да видат како изгледа еден работен ден посветен на подобрување на безбедноста на сообраќајот. Во рамки на просториите на РСБСП беше одржано едукативно предавање посветено на безбедноста во сообраќајот како дел од заложбите „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“. Главната цел е преку едукација и интеракција да ги поттикнеме најмладите учесници во сообраќајот на одговорно и безбедно однесување и запознавање со сообраќајните правила и прописи.

- **Проект „Подобрување на безбедноста во сообраќајот кај децата“**

Во соработка со Министерство за транспост и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), РСБСП учествуваше во реализацијата на дел од активностите на проектот „Подобрување на безбедноста во сообраќајот кај децата“ .

Врз основа на изразен интерес од општините од цела држава за номинирање на училишта кои ќе учествуваат во проектот, а по претходно договорена методологија, беа избрани 10 училишта и тоа: „Кочо Рацин“ - Петровец ; „ Круме Кепески“ - Кисела вода; „Луиѓ Гуракуќи“ - Желино ; „Никола Карев“ - Радовиш ; „Сами Фрашери “ - Боговиње ; „7Март“ - Липково ; „ Јонче Смугрески“ - Кривогаштани , „Никола Карев“ - Кочани; „Панко Брашнаров“ - Велес и „ Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод.

Понатаму беше направена анализа на безбедноста на децата во сообраќајот на училишните патеки и во училишните зони со основни мапи и препораки за обединување на означувањето и управувањето со сообраќајот на патеките до училиштето и училишните зони, како и евалуација на знаењето на учениците, наставниците и родителите во врска со безбедноста на децата во сообраќајот, вклучувајќи ги и основните правила за безбедно патување до училиштата.

Во следната фаза реализирани се едукативни предавања со сите ученици од I до VI одделение во горенаведените училишта, за унапредување на знаењата на децата поврзани со безбедните патишта до училиштето и безбедноста во сообраќајот на децата, вклучувајќи изработка и обезбедување на следниот едукативен материјал: 2000 (две илјади) брошури, 150 (сто педесет) постери и 4 (четири) видеа.

По завршување на овој дел од проектот,

- беа подготвени информативни пакети (четири прирачници) за едукација на родителите и подобрување на нивното знаење за безбедноста во сообраќајот;
- предлог за подобрувања на постојните и за наставни материјали што треба да се користат;

- беа доставени предлози за изградба на полигон за безбедност на сообраќајот на децата во училишните дворови (каде што постои просторна можност);
- Обезбедена е платформа за онлајн учење за индивидуална обука на наставници (сите одделенија) за подобрување на нивното знаење поврзано со безбедноста во сообраќајот и подготовка на сите потребни материјали за обука.

- **Кампања за одбележување на „Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди“**

Согласно Одлуката на РСБСП Бр. 0201 –8/7 на единаесетата седница на РСБСП, одржана на 25.09.2025 година, а врз основа на Програмата за работа на РСБСП за 2025 година и врз основа на законските обврски и надлежности, РСБСП реализираше активности за одбележување на „Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди“ на 16-ти Ноември 2025 година.

Одбележувањето на „Светски ден за сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди“ како настан е прогласен со резолуција на Организацијата на Обединети Нации и истиот е во насока на постигнување на целите на Втората декадата за безбедност на сообраќајот 2021-2030 прогласена, исто така од ООН. Одбележувањето на овој ден е традиционално во месец Ноември, а настанот е насловен како: „Светски ден за сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди“.

Кампањата за сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди односно кампања за едукација и подигање на свеста за последиците од неодговорното учество во сообраќакот беше организирана од страна на РСБСП во соработка со партнерите.

РСБСП во соработка со МВР, Факултет за безбедност-Скопје, како и останатите партнери на ден 16.11.2025 во Градскиот парк во Скопје го одбележа „Светскиот ден на сеќавање жртвите од сообраќајни незгоди“.

На одбележувањето на настанот, од страна на претседателот Горан Ангеловски и директорот на Бирото за јавна безбедност Александар Јанев, заеднички беа испратени силни пораки за почитување на животот и за потребата од градење на повисока сообраќајна култура.

Претседателот Ангеловски истакна дека РСБСП изминатиот период активно работи со нов пристап на кампањите преку едукација, превенција и подигнување на јавната свест. „Овој ден не е само момент на тага – тој е повик. Повик до сите нас, граѓани, возачи и институции, да се соочиме со реалноста која секојдневно носи нови загуби. Секој живот изгубен на патот остава длабоки траги, не само врз семејствата, туку и врз општеството. Не е доволно само да жалиме, мораме да делуваме“, порача Ангеловски.

На овој ден не треба да се заборави дека безбедноста во сообраќајот не е само индивидуална одговорност, туку заедничка мисија. Во таа насока директорот на БЈБ, Александар Јанев, ја истакна важноста на партнерството меѓу институциите и граѓаните. „Тие животи не се бројки. Тоа се имиња, лица и индивидуални приказни што предвреме завршиле. Не смееме да дозволиме македонските патишта да станат поголемо бојно поле по згаснати животи отколку реалните воени конфликти. Токму затоа сите ние како граѓани, родители, возачи, како дел од општеството и како институции имаме заедничка обврска да ја подигнеме

свеста, да влијаеме со личен пример и со секојдневни разговори да градиме подобра сообраќајна култура“, истакна директорот Јанев, додавајќи дека полицијата е само една алка од целиот систем.

Во рамки на настанот симболично беа пуштени балони со бројот 142 кој го означуваат и бројот на загинати лица во 2024 година, како и симболичен марш низ Градскиот парк во чест на жртвите во сообраќајни незгоди.

Притоа, беа поделени превентивно-едукативни летоци со порака да се присетиме на вредноста на човековиот живот и почитувањето на сообраќајните правила и прописи. Во реализацијата на овој настан активно учество зедоа и учениците од сообраќајната секција на АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје.

Во текот на наредните денови низ градовите ширум Републиката, РСБСП во соработка со Општинските совети (ОСБСП) и МВР продолжија со реализација на активности за одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди“.

- **Кампања “Одговорно учество во сообраќајот на возачи на земјоделска механизација и работни машини“**

Согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и согласно Законот за возила, возачите на трактори и други работни машини за да учествуваат во сообраќајот треба да поседуваат соодветна возачка дозвола и да управуваат технички исправни и регистрирани возила. За жал искуството од терен и податоците од станиците за технички преглед на возила покажуваат дека  голем број на возачи на трактори и работни машини не поседуваат соодветна возачка дозвола и голем број на трактори, мотокултиватори, приколки и други работни машини учествуваат во сообраќајот, нерегистрирани, неосигурани, неосветлени и технички неисправни.

Со цел едукација на оваа категорија на учесници во сообраќајот и подигање на свеста за сериозните последици од неодговорното учество во сообраќајот со трактори и работни машини, РСБСП на 10-тата седница одржана на 26.08.2025 година донесе одлука на Советот бр. 0201 – 7/4 за реализација на кампања за безбедно учество во сообраќајот со земјоделска механизација и работни машини.

Кампањата се реализираше во периодот од Септември до Декември 2025 година во сите земјоделски региони,  со поддршка на Министетрството за внатрешни работи, агроздруженија, Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, и други.

Во рамките на наведената кампања РСБСП во соработка со МВР организираше повеќе настани и активности и тоа: засилени сообраќајни контроли, едукативни разговори и поуки со возачите на трактори и работни машини, дистрибуција на едукативни материјали, во прв ред засилени активности за едукација на возачите на наведената категорија на возила за потребата од поголема видливост на тракторите, приколките и другите работни машини во сообраќајот, дистрибуција на флуоросцентни траки,  трокути, ротациони светла итн.

Во оваа насока, на 23.09.2025 година во Ресен беше организирана јавна трибина, на која покрај претставниците на РСБСП и МВР, присуствуваа и претставници на локалната самоуправа, станици за технички преглед и индивидуални земјоделци-корисници на земјоделска механизација од Преспанскиот регион. На трибината беше одржано предавање од

страна на РСБСП и беа дадени конкретни предлози за зголемување на безбедноста во сообраќајот за оваа категорија на учесници во сообраќајот, особено во поглед на регистрација, техничката исправност и означување на овие возила.

Покрај тоа беа реализирани и активности преку електронските и социјалните медиуми со цел подигање на свеста за последиците од неодговорно учество во сообраќај со трактор, приколка, мотокултиватор, итн.

- **Кампања "Унапредување на работата на станиците за технички преглед и подигнување на свеста за важноста на техничката исправност на возилата"**

Согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и согласно Законот за возила, возачите на моторни возила за да учествуваат во сообраќајот треба да поседуваат соодветна возачка дозвола и да управуваат технички исправни и регистрирани возила. За жал, искуството од терен и податоците од станиците за технички преглед на возила покажуваат дека се уште има возачи на моторни возила кои учествуваат во сообраќајот со нерегистрирани и технички неисправни возила.

Со цел поголема едукација на учесници во сообраќајот и подигање на нивната свест за сериозните последици од учество во сообраќајот со технички неисправни возила, како и унапредување на работата на станиците за технички преглед на возила, РСБСП на својата 11-та седница одржана на 25.09.2025 година, донесе одлука бр. 0201 – 8/8 за реализација на кампања за унапредување на работата на станиците за технички преглед и подигнување на свеста на возачите за важноста на техничката исправност на возилата.

Кампањата ќе се реализира на територијата на цела држава, во сите овластени правни лица за вршење на технички преглед на возила односно во сите станици за технички преглед како наши партнери и ќе се реализира со поддршка на Министетрството за внатрешни работи, Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, контролорите и другите лица вработени во станиците за технички преглед и други.

Со оваа кампања, РСБСП потсетува дека техничките прегледи не се само законска обврска, туку и морална и општествена одговорност на секој сопственик на возило. Технички исправното возило е клучно за минимизирање на ризикот од незгоди и за подигнување на нивото на сообраќајна култура и дисциплина на патиштата.

Во остварувањето на целта за обезбедување техничка исправност, станиците за технички преглед на возилата имаат исклучително значајна улога. Тие се првата линија на контрола и имаат клучна улога во системот на патната безбедност, каде стручно обучен персонал, со користење на современа опрема, ги проверува сите витални системи на возилото – сопирачки, управување, суспензија, светлосна сигнализација, систем за издувни гасови, пневматици и други механички елементи критични за безбедно учество на возилото во сообраќајот.

Во рамките на кампањата беа реализирани повеќе активности, меѓу кои:

- Едукативни и информативни настани;
- Медиумски содржини со практични совети за безбедно одржување на возилата;

- Соработка со овластените правни лица за вршење на технички преглед (СТП) и авто-сервиси;
- Изработка и дистрибуција на промотивни едукативни материјали насочени кон подигнување на јавната свест за важноста на техничката исправност на возилата.

- **Зимска кампања „Безбедност на сообраќајот во зимски услови“**

Зимска кампања се реализира секоја година и истата е резултат на укажаната потреба од унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во зимски услови преку употребата на зимска опрема, а особено преку употребата на зимски гуми и одговорно однесување во сообраќајот со цел намалување на сообраќајните незгоди како последица на временските услови во зима.

Кампањата 2024 – 2025 е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот број 0201-8/10 од 1 (првата) седница на РСБСП одржана на 28.11.2024 година, додека Кампањата 2025 - 2026 врз основа на донесена одлука на Советот бр. 0201-9/3 од 12 (дванаесеттата) седница на РСБСП одржана на 27.10.2025 година.

Целта на кампањата е да придонесе кон подигање на јавната свест кај возачите на моторни возила за неопходноста за техничка подготовка на возилото за негово користење во зимски услови, на поседување на зимска опрема во моторните возила, а особено употребата на зимски гуми, а на тој начин да придонесе кон унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија. Реализацијата на кампањата всушност придонесе за подигање на јавната свест за безбедно однесување во сообраќајот при зимски услови на патиштата.

Кампањата се реализира во временски период од 15 ноември до 15 март. Во случај доколку временските услови ја наметнат потребата, истата се реализира со продолжено дејство односно во наредниот период согласно потребите. Партнери на РСБСП во спроведувањето на Кампањата беа МВР, Факултетот за безбедност – Скопје и АМСМ.

Зимската кампања се состоеше од активности за едукација на возачите за важноста и потребата од неопходноста за техничка подготовка на возилото за негово користење во зимски услови, важноста од прилагодување на брзината на условите и состојбите на патиштата, совесно однесување во сообраќајот, навременото планирање и подготовка на патувањето, користење на зимска опрема во возилата, предностите од употребата на зимски гуми и подигање на свеста кај возачите за одговорното учество во сообраќајот при зимски услови на патиштата кои значително придонесуваат да се избегнат несаканите појави и ситуации во сообраќајот.

Во рамки на кампањата, во соработка со АМСМ, беше снимен и едукативен видео спот со цел едукација и подигање на јавната свест кај возачите на моторните возила за тоа што се подразбира под зимска опрема, кога и како треба да се користи, за неопходноста од употреба на зимска опрема, особено зимски гуми, како и за правилно местење на синџири за снег.

Беа изработени сообраќајно едукативни материјали - флаери, ароматизери за автомобил, банери, брендирани нараквици за чистење на снег и друг едукативен материјал.

Покрај тоа беа организирани повеќе акции на ниво на цела држава, а со цел дистрибуција на едукативните материјали до возачите.

Исто така, Зимска кампања опфати и активности за учество на претставници и партнери на РСБСП во јавни и дебатни емисии, учество во електронски и пишани медиуми со едукативни текстови, совети и пораки. Беа емитувани едукативни радио пораки и совети, како и едукативни веб банери на портали и во пишаните медиуми.

- **“Новогодишна кампања”**

Периодот пред новогодишните празници, божиќните празници, честите празници и слави во овој период од годината, училишните распусти, одморот помеѓу двата семестри за студентите, итн. го прават овој период од годината исклучително ризичен за учесниците во сообраќајот.

Имајки ја во предвид ваквата состојба, РСБСП, согласно своите надлежности, донесе одлуки за реализација на кампања за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот за време на Новогодишните празници.

Кампањата 2024 – 2025 е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот број 0201 – 8/11 од првата седница на РСБСП одржана на ден 28.11.2024 година додека Кампањата 2025 – 2026 врз основа на донесена одлука на Советот бр. 0201 – 14/4 од четиринаесетата седница на РСБСП одржана на ден 23.12.2025 година.

Кампањите се реализираа под мотото „Новогодишна кампања“ во месеците декември и јануари, во соработка со МВР, Факултетот за безбедност – Скопје и ОСБСП со цел намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди во овој период од годината преку засилено сообраќајно-превентивно делување насочено кон сите групи учесници во сообраќајот, со посебен акцент на младите.

Во рамки на кампањата, учесниците во сообраќајот беа едуцирани за последиците од сообраќајните незгоди и за тоа како да се однесуваат во сообраќајот за време на празниците. Процесот на едукација се реализираше преку сообраќајно-едукативни предавања во средните училишта, преку изработка и дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали (флаери, фрешери, налепници, тефтери, пенкала и друг промотивен материјал со сообраќајно едукативна содржина). Исто така беа организирани и неколку јавни настани и манифестации. Покрај тоа во соработка со партнерите во повеќе ноќни клубови, дискотеки, кафетерии, ресторани и други угостителски објекти истотака беа дистрибуирани едукативни материјали, итн.

Кампањите генерално се реализираа теренски односно на местата каде младите најчесто се присутни и во директна и непосредна комуникација со нив. Покрај тоа, кампањата беше поддржана со изработка на едукативни текстови и нивна објава до медиумите, закуп на медиумски простор на веб портали, пишани медиуми, активности преку социјалните медиуми, итн.

Покрај тоа, во повеќе гениколошко-акушерски породувалишта, на родителите на прворodените бебиња во новата година им беа донирани седишта за деца за во автомобил,

додека во домовите за деца без родители, на децата штитеници на тие установи им беа подарени новогодишни пакетчиња, едукативни материјали итн.

**1.3 Активности за соработка и формирање на Општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата**

Со цел унапредување на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво, РСБСП согласно законските надлежности предвидени со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, во соработка со Локалната самоуправа, во 2025 година активно соработуваше со Општините кои имаат формирано Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (ОСБСП). До сите единици на локалната самоуправа каде што нема формирано ваков совет, РСБСП упати барање со цел потикнување и укажување на потребата за формирање на ОСБСП.

Во таа насока, а со цел поддршка и реализација на сообраќајно превентивни и едукативни настани и активности на локално ниво, РСБСП континуирано обезбедуваше и дистрибуираше едукативни материјали и обезбедуваше стручна помош за потребите на Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

На иницијатива и предлог на РСБСП, во текот на 2025 година, формирани се вкупно 11 нови општински совети за бебзбедност на сообраќајот на патишата во следните општини: Велес, Демир Капија, Охрид, Градско, Пробиштип, Вевчани, Петровец, Кичево, Кратово, Прилеп и Дојран, така да вкупниот број на активни ОСБСП на територијата на државата изнесува 32. РСБСП и понатаму останува посветен на заложбата за формирање на општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата во сите општини.

**1.4 Сообраќајно едукативно дејствување преку Веб страната, фејсбук и инстаграм профил**

РСБСП континуирано реализира активности за сообраќајно едукативно дејствување преку Веб страната, фејсбук и инстаграм профилот на РСБСП односно електронските медиуми на РСБСП се ставени во функција на информирање, едуцирање и подигање на јавната свест за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата и согласно тоа континуирано, РСБСП преку своите електронски медиуми објавува совети, пораки и апели за правилно и одговорно учество во сообраќајот и информации за законските одредби и обврски на учесниците во сообраќајот.

Согласно годишната програма, сите кампањи и активности на РСБСП во одреден дел беа објавувани на социјалните и електронски медиуми, а исто така континуирано секој месец, беа споделувани совети до сите учесници во сообраќајот со цел подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот.

**1.5 Обезбедена опрема за МВР**

Согласно законските обврски предвидени со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (член 374, став 2) РСБСП има обврска 30% од средствата (согласно законот за

изменување и дополнување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, службен весник на РСМ број 208 од 09.10.2024 година 45% од средствата) да ги намени за опрема на полициските служби кои се одговорни за безбедноста во патниот сообраќај. Согласно тоа, РСБСП, во 2025 година набави и му предаде на МВР, 23 мотоцикли во полициска изведба Piaggio Beverly 310 cm3 моќност, произведени во 2025, како и 23 комплети возачка опрема која се состои од одела, кациги, ракавици и чизми во вкупна вредност од 11.950.027 денари, со што значително се зајакнуваат капацитетите за регулирање и безбедност во сообраќајот.

Унапредувањето на работата на сообраќајната полиција и подобрувањето на нејзините капацитети е од исклучителна важност за подобрување на безбедноста на патниот сообраќај. Примената на современа техничка опрема во процесот на управување и контрола на сообраќајот на патиштата значително ќе ја зголеми ефикасноста на работата на сообраќајната полиција и ќе го зголеми обемот и квалитетот на извршените контроли од стана на сообраќајната полиција.

## 1.6 Национални и Меѓународни конференции и активности

- **Јавна дебата „Безбедноста на пешаците – одговорност на сите нас“**

На 03.04.2025 година, на Факултетот за безбедност – Скопје, во организација Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во соработка со Министерството за внатрешни работи и Факултетот за безбедност, беше одржана јавна дебата „Безбедноста на пешаците – одговорност на сите нас“, по повод Недела на пешаците.

На дебатата учество земаа експерти од областа на сообраќајот и претставници на надлежни институции, а свое обраќање имаа претседателот на РСБСП, м-р Горан Ангеловски, министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, како и деканот на Факултетот за безбедност – Скопје, професор д-р Јонче Ивановски.

Во својот говор претседателот Ангеловски истакна „Личната одговорност, свест и совест, сообраќајната култура и толеранција и доследно почитување на сообраќајните правила и прописи од страна на секој учесник во сообраќајот е единствениот начин да се намали бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди. Во спротивно, за жал, порано или подоцна, директно или индиректно ќе ги почувствуваме последиците од неодговорното учество во сообраќајот. Безбедноста на пешаците е заедничка одговорност. На крајот, важно е да истакнеме дека безбедноста на пешаците не е само проблем на институциите, туку на сите нас како граѓани.“

На дебатата беа презентирани мерки за унапредување на безбедноста на пешаците во сообраќајот, од различни аспекти – образование подобрување на сообраќајната инфраструктура, засилени контроли од надлежните институции и подигнување на свеста и одговорноста на граѓаните како учесници во сообраќајот.

- **Меѓународниот ден на сообраќајната култура**

По повод 11 мај Меѓународниот ден на сообраќајната култура, на 9 мај 2025 година, на Техничкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола се одржа трибина посветена на значењето на сообраќајната култура и унапредувањето на безбедноста на патиштата.

Настанот беше организиран во соработка со катедрата за сообраќај при Факултетот, а свои излагања имаа истакнати претставници од институциите кои работат на полето на безбедноста во сообраќајот. На трибината се обратија помошник командирот во ПС за безбедност на сообраќај Битола, началникот од отсекот за превенција при СВР Битола, проректорите – Професор Јасмина Буневска-Талевска и Професор Зоран Јошевски, воедно и член на РСБСП, како и претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во своето обраќање, Ангеловски потенцира дека сообраќајната култура не е само збир од правила и прописи, туку одраз на општествените вредности и личната одговорност. Тој истакна дека идните инженери и проектанти, какви што се студентите од техничките и сообраќајните факултети, имаат клучна улога во изградбата на безбедна и одржлива сообраќајна инфраструктура, и ги повика да ги имплементираат принципите на безбедност и култура во секој аспект од својата работа. Тој додаде дека РСБСП останува посветен на соработката со академската заедница преку едукативни и превентивни активности, кои ќе придонесат за промена на сообраќајната реалност во земјата.

Настанот заврши со повик до сите учесници во сообраќајот да бидат внимателни и одговорни, бидејќи сообраќајната култура е предуслов за намалување на незгодите и заштита на човечките животи.

- **Прва национална конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната самоуправа“**

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) на 02 декември 2025 година, во хотел „Александар Палас“ во Скопје, ја организираше Првата национална конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната самоуправа“ – настан, прв од ваков вид, посветен на унапредување на локалните политики, практики и стратегии за подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во општините низ државата.

На конференцијата учество земаа градоначалници и претставници од единиците на локалната самоуправа, како и претставници од извршната власт, Министерството за транспорт, Министерството за внатрешни работи, ЗЕЛС и РСБСП.

Конференцијата имаше за цел да ги обедини претставниците од локалните самоуправи, релевантните институции, стручната јавност, универзитетите, невладиниот сектор и експертите од областа на сообраќајната безбедност, со цел да се разменат искуства, споделат предизвици и добри практики кои придонесуваат за намалување на сообраќајните незгоди и заштита на сите учесници во сообраќајот.

Со свои презентации и излагања, експерти и професори од областа беа дел од Конфренцијата, а како централен настан на истата беше потпишувањето на заедничка

„Декларација за безбедност во сообраќајот на патиштата“ од страна на градоначалниците од локалната самоуправа.
Со потпишувањето на ваквата декларација, локалната самоуправа за првпат јасно ја изразува својата подготвеност за заеднички заложби, координирани акции и континуирано вложување во подобрување на безбедносната состојба во сообраќајот на патиштата.

На конференцијата беа опфатени теми како што се:

- современи пристапи во планирањето и управувањето со сообраќајот во локалните заедници,
- улогата на општините во превенција на сообраќајни ризици,
- безбедноста на пешаци, велосипедисти и ранливи категории учесници,
- инфраструктурни решенија и иновации,
- улогата на едукацијата и кампањите во подигање на јавната свест.

Конференцијата претставува значаен чекор во насока на создавање посигурни локални заедници и иницирање структурни промени во начинот на кој општините го третираат сообраќајот и неговата безбедност.

- **Работилница „Нацрт методологијата за индикатори за безбедност во сообраќајот“**

Во рамки на програмата за имплементација на развојната програма 2024-2044 на УНДП за следење на индикаторите Претседателот на РСБСП, м-р Горан Ангеловски, и членови на Советот беа дел од работилница за консултација на засегнати страни за нацрт методологијата за индикатори за безбедност во сообраќајот на патиштата која се одржа на 11. декември во хотелот Александар Палас во Скопје, во организација на Владата на Р.С. Македонија преку Генералниот секретаријат, а партнерство и под покровителство со УНДП.

Работилницата претставуваше професионална платформа на која учествуваа претставници од РСБСП, МВР, институции задолжени за безбедност во сообраќајот на патиштата, невладиниот сектор, како и универзитетски професори и експерти од областа на сообраќајот.

Експертите за безбедност на сообраќајот ја презентираа Нацрт-методологијата за индикаторите за безбедност во сообраќајот на патиштата, при што ги споделија методите за следење на индикаторите, како што се брзината на движење, употреба на согурносен појас, користење на детско седиште, возење под дејство на алкохол и дрога, одвлекување на внимание, возила, патна инфраструктура и грижа по сообраќајна незгода.

Ова учество претставува потврда за континуираната работа, ангажман и стручност на Советот во насока на подигнување на свеста и унапредувањето на општата безбедност во сообраќајот на патиштата.

Претседателот Ангеловски истакна дека ваквите настани се силен мотив РСБСП, кој е партнер во оваа програма да продолжи со уште поголем интензитет да работи на проекти кои ќе придонесат кон создавање побезбедни сообраќајници за сите граѓани.

- **20–та меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“**

Во периодот од 23 до 26 април 2025 година, во Врњачка Бања, Република Србија се одржа јубилејна 20–та меѓународна конференција на тема: „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“. Конференцијата беше организирана од страна на Сообраќаен факултет – Белград и на истата присуствуваа голем број на професори и други истакнати стручни лица од областа на безбедноста во сообраќајот. Покрај тоа, на конференцијата учествуваа и претставници на Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Република Србија, претставници на Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Република Српска, претсавници од Министерството за внатрешни работи на Република Србија и други.

На конференцијата свое воведно обраќање имаше претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски кој ги поздрави организаторите и сите учесници на 20-та меѓународна конференција при што ги потенцираше искуствата од досегашните конференции како и искуствата од досегашната соработка со Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Република Србија и Сообраќајниот факултет Белград, притоа ги истакна потребите за поголема соработка помеѓу сите надлежни субјекти во земјите од регионот, со цел побезбеден сообраќај и помалку жртви на патиштата.

Целта на конференцијата беше унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку реализација на политики и мерки на централно и локално ниво.

На конференцијата активно со свој научен труд учествуваа претседателот и претставници на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во рамките на конференцијата беа реализирани голем број на стручни предавања, презентации, рабортни средби во работни групи, панел дискусии за унапредување на безбедноста на сообраќајот, итн.

- **18то меѓународно советување „Сообраќајни незгоди“**

Во периодот од 14 - 17.05 2025 година, претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски и професор д-р Зоран Јошевски – член на Советот, учествуваа на 18-то меѓународно советување „Сообраќајни незгоди“ , кое се одржа во Златибор, Република Србија, а во организација на Агенција ЕКСПЕРТ од Белград.

На советувањето беа обработени теми од повеќе области и тоа : осигурување на возилата, технички прегледи на возилата, процена на штети од сообраќајни незгоди, вештачење на сообраќајни незгоди, транспорт, застапување на странките пред овластени судови и сообраќајно образование.

Со свои презентации активно учество имаа преставници на осигурителни друштва, стручни и научни соработници од технички факултети и факултети за сообраќај, институти, преставници на компании кои произведуваат делови за активна и пасивна безбедност на возилата, вешти лица за сообраќајни незгоди, преставници на образовни институции од образование и оспособување на кадри во сообраќајот, преставници на авто-школи, преставници на автотранспортни компании кои превезуваат стока и патници, правници и адвокати, учесници во судските спорови поврзани со сообраќајни незгоди.

Настанот беше поткрепен со 42 научни трудови и излагања, со повеќе тематски целини. Во дел од излагањата, во расправата по темите активно беа вклучени преставниците на

РСБСП, особено професор д-р Зоран Јошевски, кој даде свои мислења и забелешки по темите за вештачење на сообраќајни незгоди.

- **Панел дискусија: “Безбеносните ризици на Експресен пат, проблеми и решенија”**

На 28.05.2025 година, Претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски и членови на РСБСП учествуваа на експертски панел на тема: “Безбедносните ризици на Експресен пат, проблеми и решенија” која се одржа во Кочани на иницијатива на универзитетскиот професор Јован Шоповски со поддршка на општествено одговорната компанија „Амфенол Технолоџи Македонија“.

На панел дискусијата покрај преставниците од РСБСП, учество земаа и преставници од МВР на РСМ, преставници од локалната самоуправа - општина Кочани, експерти и професори од универзитетите во Скопје и Штип, инспекторат за транспорт при МТВ и други, а Претседатлот на РСБСП и членот Зоран Јошевски учествуваа со свои излагања и презентации на панелот.

Сообраќајните експерти се согласија за неопходноста од подигање на безбедносните услови на експресните патишта при што се предложија одржливи решенија. Еден од најприфатливите предлог решенија на експертите е концептот „два плус два“, односно додавање по една коловозна лента на постојните и нивно физичко разделување.

Во дискусиите беа потенцирани и критичните точки на кои се случиле најголемиот број од несреќите во кои имаше жртви, при што освен возењето со неприлагодена брзина и непочитувањето на сообраќајната сигнализација, беа наведени и некои технички недостатоци за кои консензусот беше дека мора да се отстранат во најбрз можен рок.

- **Меѓународна конференција за одржлива урбана мобилност**

На 19.09.2025 година, во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, во рамки на Европската недела на мобилност, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), учествуваше на Меѓународната конференција за одржлива мобилност. На конференцијата, РСБСП имаше свое излагање преку презентација на тема: „Добри сообраќајни практики на урбаната мобилност во Македонија и Европската Унија“.

Во својата презентација, Советот се осврна на досегашните активности и кампањи насочени кон унапредување на урбаната мобилност и зголемување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Притоа, посебен акцент беше ставен на кампањите Безбедно со велосипед #ЗавртиНаСигурно“, чија цел е подигнување на свеста за безбедноста на велосипедистите, како и „#БезбедноНаТротинет“, насочена кон едукација и одговорно однесување на возачите на електрични тротинети.

Дополнително, РСБСП информираше дека негови членови активно учествуваат во работната група за измени и дополнувања на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и во координативното тело за изготвување на новата Национална стратегија за безбедност на сообраќајот и Националната стратегија за одржливост на патиштата.

Во рамките на дискусијата, беше потенцирано значењето на совесното и безбедно управување со електрични тротинети и велосипеди – со задолжително носење заштитна опрема, почитување на пропишаната брзина и користење исклучиво на обележани велосипедски патеки, а не на коловозни ленти.

Со своето активно учество на конференцијата, РСБСП уште еднаш ја потврди својата посветеност кон промовирање на одржлива и безбедна урбана мобилност, во согласност со европските практики и насоки

- **16-та меѓународна научна конференција „Системска корупција – најголемата безбедносна закана: Безбедносно-стратешки пристапи за решавање на сложените предизвици”**

На 23.09.2025 година во Скопје на покана на Факултетот за безбедност-Скопје, Претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), м-р Горан Ангеловски, беше дел од 16-та меѓународна научна конференција – „Системска корупција – најголемата безбедносна закана: Безбедносно-стратешки пристапи за решавање на сложените предизвици” во организација на Факултетот за безбедност Скопје.

На конференцијата на која учество земаа бројни домашни и меѓународни експерти, професори, претставници на институции и организации, беа присутни и деканот на Факултетот за Безбедност – Скопје, Јонче Ивановски како и Министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски.

Присуството на РСБСП на конференцијата е потврда за континуираниот ангажман и активната улога на Советот во креирањето и поддршката на политики за зголемување на безбедноста во сообраќајот.

Соработката меѓу Факултетот за безбедност и РСБСП продолжува да бележи успеси и конкретни резултати преку бројните кампањи кои ги спроведува РСБСП во насока на унапредување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

- **14-та Меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалните заедници“**

Претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, м-р Горан Ангеловски, учествуваше на „XIV Меѓународна конференција за безбедност на сообраќајот во локалните заедници“, која се одржа на 30 и 31.10.2025 година, во Бања Лука, Република Српска, во организација на Министерството за сообраќај и врски и Агенцијата за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Српска.

На конференцијата, која обедини бројни експерти, професори и професионалци од областа на сообраќајната безбедност, претседателот Ангеловски се претстави со своја презентација и излагање, преку кои ги запозна присутните со мисијата, визијата и активностите на РСБСП.

Во своето обраќање, тој ја нагласи важноста на превенцијата, едукацијата и меѓуинситуционалната соработка како клучни алатки за унапредување на безбедноста на патиштата.

Ангеловски потенцира дека соработката со меѓународни институции и организации претставува значајна основа за успешното и ефективно работење на Советот, и во идниот период ќе продолжи со активности насочени кон размена на искуства, добри практики и заеднички проекти во оваа важна општествена област.

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата доби признание за успешната работа и придонесот во унапредувањето на безбедноста во сообраќајот, што претставува дополнителна мотивација да продолжи со уште поголема посветеност и одговорност во својата мисија.

- **„III Македонски конгрес за патишта – 2025”**

Претседателот на РСБСП, м-р Горан Ангеловски, и членови на Советот беа дел од „III Македонски конгрес за патишта – 2025”, што се одржа на 06 и 07.11.2025 година во хотелот DoubleTree by Hilton во Скопје, во организација на Друштвото за патишта на Република Македонија.

Овој стручен и меѓународен конгрес претставува место на кое се среќаваат врвни експерти од државата и странство, институции и компании од областа на градежништвото и инфраструктурата од патната инфраструктура и безбедноста на сообраќајот.

На конгресот учество земаа експерти од земјава и повеќе европски држави и кои ги споделија позитивните искуства во областа на безбедноста во сообраќај на патиштата, а на истиот со два научни трудови учествуваа претседателот и членовите на РСБСП.

Овогодишното издание на Конгресот беше посветено на современите предизвици во изградбата, одржувањето и унапредувањето на патната мрежа, како и на новите технологии и политики за зголемување на безбедноста на патиштата.

Во рамки на конгресот, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата доби бронзена плакета за особен придонес во унапредувањето на безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Ова признание претставува потврда за континуираната работа, ангажман и стручност на Советот во насока на намалување на бројот на сообраќајни незгоди и подигање на свеста за безбедно однесување во сообраќајот.

Претседателот Ангеловски сподели дека признанието е дополнителен мотив за РСБСП да продолжи со уште поголем интензитет да работи на проекти и иницијативи кои ќе придонесат кон создавање побезбедни патишта за сите учесници во сообраќајот.

### 1.7 Меѓуинституционална соработка

- **Соработка со Биро за Развој на Образованието при Министерство за Образование и Наука**

Следејќи ја безбедносната состојба во сообраќајот на патиштата и статистиката на Министерството за внатрешни работи, Советот утврди дека во сообраќајни незгоди, како жртви (загинати и повредени) многу често се јавуваат деца на возраст од 10-15 години, односно возрасна група која започува самостојно да учествува во сообраќајот како пешак, велосипедист или возач на тротинет. Согласно извршените анализи на Советот, застапеноста на содржини за изучување на сообраќајната култура и сообраќајните правила во образовниот процес кај оваа возрасна група е многу мала или воопшто ја нема.

Од овие причини работната група на РСБСП иницираше работен сосанок, кој се одржа на 04.07 2025 година во Бирото за развој на образованието, на кој беше презентирана безбедносната состојба на децата во сообраќајот и беше предложено проширување на наставната програма со теми од областа на сообраќајот, особено за учениците од VI до IX одделение. Од страна на БРО оваа иницијатива беше прифатена и како заклучок од состанокот произлезе Советот да изготви предлог материјал кој би го изучувале учениците во основното образование и истиот да го достави во БРО.

Работната група изготви материјал кој што беше разработен како предметна програма за ученици од VI до IX одделение - по одделенија, со број на часови и наставни содржини и истиот го достави на анализа и одобрување во БРО.

Од страна на Бирото за развој на образованието е потенцирано дека содржината на предложената програма е прифатена, но истата ќе биде вградена како дел од проширената програма на училиштата што би значело;

- Ќе се реализира надвор од редовниот план и програма,
- Ќе биде дел од општата училишна програма што училиштето ја изработува за целокупната воспитно-образовна работа,
- Ќе се изведува преку вон наставни активности, проекти, тематски денови, секции, работилници, во време и форма што ќе ги определи самото училиште,
- Содржините ќе бидат општи и прилагодени на возраста поделени во периоди ( I-III, IV-VI, VII-IX одделение), а не детално по предмети и часови
- Реализацијата може да се усогласи со распоредот и можностите на училиштето, како и во согласност со интересите на учениците.

На овој начин предложените содржини, вградени како дел од проширената програма на училиштата ќе придонесат кон подигање на сообраќајната култура и безбедноста на учениците, без да се создава впечаток дека се воведува нов предмет или задолжителни наставни часови.

Со оглед дека и на овој начин се прошируваат и збогатуваат наставните содржини со теми од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата, што значи дека учениците ќе имаат поголема можност да се запознаат со безбедносните ризици како учесници во сообраќајот, како и да ги изучуваат сообраќајните правила и прописи, работната група го смета за прифатливо предложеното решение. Од страна на БРО предложената програма беше преструктуирана доставена до сите училишта со цел нејзина реализација.

Работната група ја продолжи комуникацијата со БРО и училиштата со цел да го даде својот придонес за унапредување на процесот не едукација на учениците.

- **Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2024 – 2029**

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 јули 2025 година, донесе одлука бр. 50-7324/1 за формирање на Координативно тело за изготвување на Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2024 – 2029 година.

Координативното тело е составено од 11 члена, од кои тројца претставници од РСБСП, а останатите се номинирани претставници од повеќе министерства и високо образовни институции. Со координативното тело претседава претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски.

Од формирањето, па се до крајот на 2025 година, координативното тело одржа шест работни состаноци, при што е донесен деловник за работа на координативното тело, формиран е Секретаријат на координативното тело, составен од три члена - од редот на членови и надворешни соработници на РСБСП, кој ги подготвува и организира состаноците на Координативното тело, учествува во работата на Координативното тело, без право на одлучување, изготвува акти, се грижи за унапредување на работата на Координативното тело и се грижи за уредноста и ажурноста на работата на Координативното тело. Во рамки на координативното тело формирани се пет тематски работни групи кои ќе работат на изработка на одделни сегменти од националната стратегија, согласно своите експертски вештини и компетенции и тоа:

I работна група: Институционално управување со сообраќајот;
II работна група: Безбедна инфраструктура;
III работна група: Безбедни корисници;
IV работна група: Безбедни возила и
V работна група: Грижа после незгода

Координативното тело до крајот на 2025 година, изготви работна верзија од предлог текст за Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2024 – 2029 година и незјзионото изготвување е во финална фаза.

- **Национална методологија за истражување на индикатори за безбедност во сообраќајот на патиштата**

Следејќи ги најдобрите практики за проактивно управување со безбедноста во сообраќајот, а во согласност со рамката за политиката на Европската унија за безбедност на патиштата за периодот 2021–2030, Владата на Република Северна Македонија во рамките на проектот „Програма за поддршка на имплементацијата на Националната развојна стратегија“, имплементиран со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), спроведе активности за развивање на национална методологија за истражување на индикатори за безбедност во сообраќајот на патиштата хармонизирана со методолошките насоки на Европската унија, каде што РСБСП со свои претставници, активно учествуваше во работата на работното тело формирано од страна на Владата.

Клучните индикатори за перформанси во безбедноста на сообраќајот на патиштата претставуваат темел за систематско управување со безбедноста во сообраќајот засновано на докази. За разлика од традиционалните пристапи кои се потпираат исключиво на бројот на сообраќајни незгоди, загинати и тешко повредени лица, овие индикатори овозможуваат

следење на основните фактори на ризик и оперативните услови кои влијаат врз настанувањето на сообраќајни незгоди и рано идентификување на проблеми и слабости во системот, пред тие да резултираат со смртни и сериозни последици. Со индикаторите се обезбедува поцелосна слика за нивото на безбедност во сообраќајот и проактивно делување. Нивната примена придонесува кон подобро планирање, следење и евалуација на мерките и политиките за безбедност во сообраќајот на патиштата. Развојот и примената на индикатори за перформанси во безбедноста на патиштата во Европа се резултат на долгорочните напори за воспоставување системски пристап кон управувањето со безбедноста во сообраќајот.

Во согласност со рамката на политиката на Европската унија за безбедност на патиштата за периодот 2021–2030 работната група дефинираше сет од 8 (осум) клучни индикатори за перформанси (KPI) како инструмент за мерење на вкупните перформанси во безбедноста на патиштата.

Во првиот сет се опфатени следниве 8 (осум) индикатори:

- Процент на возила кои се движат во рамки на дозволеното ограничување на брзината;
- Процент на патници во возила кои правилно користат безбедносен појас или детско седиште;
- Процент на возачи на мотоцикли и велосипеди кои носат заштитна кацига;
- Процент на возачи кои управуваат возило во рамки на законски дозволеното ниво на алкохол во крвта;
- Процент на возачи кои не користат мобилен телефон со рака;
- Процент на нови патнички автомобили со Euro NCAP рејтинг еднаква или повисока од дефиниран праг;
- Процент на поминато растојание по патишта со безбедносен рејтинг над дефиниран праг; и
- Време поминато од итниот повик по сообраќајна незгода со повреди до пристигнувањето на итните служби на местото на незгодата.

- **Стратегија за развој и одржување на државни патишта 2026 – 2036**

Владата на Република Северна Македонија во рамките на проектот „Програма за поддршка на имплементацијата на Националната развојна стратегија“, имплементиран со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), спроведе активности за развивање на „Стратегија за развој и одржување на државни патишта 2026 - 2036“. За таа цел, формирано е работно тело, во кое, согласно решение број 11-5416/1 од 15.09.2025 година од Министество за Транспорт, активно учествуваше и РСБСП, со свои претставници.

Работното тело одржа повеќе работни состаноци на кои, од страна на експерт за планирање на безбедноста на патната инфраструктура, презентирани се клучните стратешки области од „Националната развојна стратегија“ поврзани со патната инфраструктура, понатаму во процесот на подготовка на Стратегијата за развој и одржување на државни патишта, преку дискусија по работни групи за предлог цели, приоритети и мерки стратегијата е изготвена.

- **Јавна расправа „Анализа и утврдување на потребата од измена на законска регулатива со цел зајакнување на безбедноста на сообраќајот“**

На 07.02.2025 година Претседателот на РСБСП учествуваше на јавна расправа на тема „Анализа и утврдување на потреба од измена на законска регулатива со цел зајакнување на безбедноста на сообраќајот“, која се одржа во Комисијата за политички систем и односи со заедниците во Собранието на РСМ. На јавната дебата, свое излагање имаше претседателот на РСБСП, кој говореше за потребата од заноска измена на регулативата во врска со безбедноста во сообраќајот, како и конкретни предлози во која насока да се одвиваат законските измени.

- **Јавна трибина „Измени на ЗБСП и Закон за Прекршоците во рамки на проектот Безбеден Град“**

На 21.02.2025 година Претседателот на РСБСП учествуваше на јавна трибина за измените на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за Прекршоците, во рамки на проектот „Безбеден Град“, која се одржа во хотелот „Холидеј Ин“ во Скопје, во организација на Министерството за внатрешни работи и министерот г-дин Панче Тошковски, а поддржана од постојниот преставник на УНДП во Скопје, г-дин Армен Григоријан.

- **Учество во работна група за измени на ЗБСП и Закон за прекршоци**

Претседателот на РСБСП, м-р Горан Ангеловски, беше дел од меѓуресорската работна група, која имаше задача да изготви предлог текст за донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за прекршоци. Покрај измените на сообраќајните правила кои го регулираат сообраќајот на ранливите категории на учесници во сообраќајот (пешаци, велосипедисти, возачи не ел.тротинети), оваа работна група изготви и предлог текст за законски измени со цел имплементација на проектот „Бебзеден град“.

- **Делегација на РСБСП на свеченото отворање на XXXI-от државен натпревар по прва помош**

По повод одржувањето на XXXI Државен натпревар по прва помош, кој се одржа на 19 октомври 2025 година во организација на Црвениот крст на Република С.Македонија, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот, на покана од организаторот, зема учество преку свои претставници и беше почесен гостин на овој значаен настан.

Натпреварот, кој има длабока традиција и значајна едукативна и општествена улога, претставува важна можност за младите и возрасните учесници да ги демонстрираат своите знаења и вештини од областа на првата помош, кои се од непроценливо значење во секојдневниот живот и особено во сообраќајот.

РСБСП ја истакнува својата поддршка за ваквите активности кои ја зајакнуваат културата на хуманост, одговорност и безбедност, и кои се во функција на превенција и зачувување на

човечките животи. Советот ќе продолжи активно да соработува со Црвениот крст и со други институции и организации во насока на промоција на безбедноста во сообраќајот и развој на свеста за значењето на првата помош како составен дел од безбедносната култура во општеството

- **РСБСП на првиот академски час на Факултетот за безбедност Скопје**

На 01.10.2025 година, м-р Горан Ангеловски, претседател на РСБСП, присуствуваше на свечен академски час за новозапишаните студенти на прв циклус студии во академската 2025/2026 година. којшто се одржа во Амфитеатарот на Факултетот за безбедност – Скопје.

- **РСБСП на церемонијата за свечена промоција на дипломирани студенти на Факултетот за безбедност Скопје,**

На 24.12.2025 година во просториите на Факултетот за безбедност Скопје, на покана на деканот д-р Јонче Ивановски, претседателот на РСБСП, м-р Горан Ангеловски и претставници на Советот присуствуваа на церемонијата за свечена промоција на дипломирани и магистрирани студенти за академската 2024/25 годинана Факултетот за безбедност – Скопје.

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, заедно со Министерството за внатрешни работи и Факултетот за безбедност – Скопје, има долгогодишна соработка и спроведува повеќе кампањи и превентивно-едукативни активности за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата за сите категории учесници во сообраќајот.

### 1.8 Соработка со медиуми

Медиумската подршка и објавата на брзи, точни, навремени и квалитетни информации, пораки и совети за безбедно учество во сообраќајот е важен сегмент во процесот на информирање и едукација на учесниците во сообраќајот и во напорите за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот. Промена на навиките и културата во сообраќајот и издигнување на сообраќајната култура и етика како врвен општествен приоритет може да се оствари единствено преку силна медиумска подршка. Согласно тоа, континуирано во текот на годината Републичкиот совет за безбездност на сообраќајот на патиштата остваруваше високо ниво на соработка со претставниците на пишаните и електронските медиуми.

Врз основа на меморандум за соработка, во текот на 2025 година на фрекфренциите на Македонско Радио, беа објавувани активностите и кампањите кои ги реализираше Советот, при тоа секојдневно беа емитувани апели и пораки за безбедно учество во сообраќајопт за сите категории на учесници во сообраќајот.

Претставници на РСБСП, во текот на 2025 година континуирано беа присутни на сите видови пишани и електронски медиуми во Република Северна Македонија. Имено, организирани се голем број на вклучувања во информативните програми - вести во сите телевизии со национална концесија, вклучувања во информативните програми – вести на

локалните и регионалните телевизии, голем број на гостувања во утрински и други сообраќајно едукативни емисии, голем број на објави, интервјуа и изјави во сите видови пишани медиуми, гостувања во радио програми и голем број на радио објави како и голем број објави, статии, интервјуа и изјави во електронските медиуми-веб портали.

РСБСП исто така, континуирано во 2025 година го користеше јавниот медиумски простор на веб портали и на радио канали, за дополнително информирање, едукација и подигање на свеста кај учесниците во сообраќајот за одговорно учество во сообраќајот и пренусување на пораки и совети со сообраќајно едукативна содржина.

- **Интервју на претседателот Ангеловски за дневниот весник „Нова Македонија“**

Во интервју за дневниот весник „Нова Македонија“ на **12.06.2025** година, м-р Горан Ангеловски, претседател на РСБСП, говореше за местото и улогата на РСБСП, особено на полето на превенцијата, за спречување на негативните поведенија на учесниците во сообраќајот, потребата од усогласено учество на повеќе државни институции, меѓу кои се Министерството за внатрешни работи (МВР) и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), со цел унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Мѓу другото претседателот Ангеловски истакна дека „Примарната цел на РСБСП е едукација и подигање на јавната свест кај учесниците во сообраќајот, а казните во основа се наменети за оние кај кои на друг начин не можеме да влијаеме да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи…“

Во интервју за истиот медиум на **21.11.2025** година, м-р Горан Ангеловски, претседател на РСБСП, ја потенцираше потребата од одговорно однесување, континуирана едукација, тесна соработка и заедничка грижа — како предуслови за создавање побезбедна сообраќајна средина за сите граѓани. Во пресрет на зимските услови, тој предупредува на ризиците како лизгави коловози, намалена видливост и поголема веројатност за незгоди, и упатува конкретни совети: прилагодено возење според временските услови, редовна техничка проверка на возилото, задолжителна зимска опрема и доследно почитување на сообраќајните правила.

- **Гостување на претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски на Ситея ТВ**

На 05.09.2025 година, претседателот на РСБСП, м-р Горан Ангеловски гостуваше на Телевизија Сител во утринската програма на тема: Почнува кампањата на РСБСП и МВР – „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“. Претседателот Ангеловски меѓу другото потенцираше дека „Безбедното учество во сообраќајот на најмладите е голема одговорност за целото општество. Сообраќајната безбедност не е само техничко прашање — тоа е вештина која треба да се учи од најмала возраст, да се практикува и постојано да се потсетува. Кога децата ги стекнуваат овие навики уште во основно училиште, се гради довербата и основата од која понатаму растат во одговорни учесници во сообраќајот— не само за себе, туку и за другите.“

- **РСБСП на годишен брифинг со новинарите**

На традиционалниот новогодишен брифинг-појадок со новинарите, кој се одржа на 25.12.2025 во Скопје, претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), м-р Горан Ангеловски, им изрази искрена благодарност на медиумските работници за досегашната соработка, истакнувајќи ја нивната улога како рамноправен и значаен партнер во работата на Советот.

Во рамки на настанот кој беше во формат на работен брифинг, претставниците на медиумите беа информирани за активностите што РСБСП ги реализираше во текот на изминатата година, со посебен осврт на кампањите и превентивните мерки насочени кон унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Истовремено, беа презентирани и плановите и приоритетите на Советот за наредната 2026 година, кои вклучуваат продолжување и унапредување на едукативните активности и кампањи, засилена соработка со институциите и медиумите, како и нови иницијативи за подигнување на јавната свест за сообраќајната безбедност.

Претседателот Ангеловски на новинарите им посака среќни празници и успешна Нова година, со порака дека партнерската соработка со медиумите продолжува и во Новата 2026 година, со заедничка визија – поголема безбедност на патиштата и заштита на животите на сите учесници во сообраќајот.

- **Новогодишно интервју со претседателот на РСБСП м-р Горан Ангеловски**

На 29.12.2025 година, претседателот на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, м-р Горан Ангеловски, во новогодишното интервју за Македонската телевизија даде осврт за безбедноста во сообраќајот во текот на 2025 година. Говорејќи за бројките на загинати и повредени лица, претседателот Ангеловски сподели дека бројот на настрадани лица во сообраќајни незгоди е голем, што остава простор за зајакнување и интензивирање на активностите на сите институции со цел подобрување на состојбата во Новата година.

Кога станува збор за активностите кои ќе ги спроведува Советот во текот на 2025 година, Ангеловски истакна дека РСБСП останува цврсто на своите заложби и определби, а тоа е намалување на сообраќајните незгоди со загинати лица, едукација на учесниците во сообраќајот, активно учество во домашни и меѓународни научни конференции од областа на безбедноста на сообраќајот на патишата, како и активен допринос во изготвувањето на законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја и преку стручни предлози, коментари, мислења и слично.

„Улогата ја оствaруваме и преку продлабочување на соработката меѓу институциите со цел подигнување на јавната свест кај сите учесници во сообраќајот на патиштата, а особено на децата како најранлива категорија учесници во сообраќајот." – рече Ангеловски.

Дополнително, претседателот Ангеловски упати порака до сите учесници во сообраќајот дека единствениот вистински начин да се почувствува празничната атмосфера е одговорното и безбедно учество во сообраќајот.

### 1.9 Снимени едукативни видео спотови

Во текот на 2025 година, РСБСП во соработка со партнерите сними повеќе едукативни видео-спотови за различни категории на учесници во сообраќајот и тоа:

- Во сорботка со МВР и клиниката за трауматологија при клинички центар „Мајка Тереза“, како и сведоштво на возач на електричен тротинет-учесник во сообраќајна незгода кој се здобил со тешки повреди, РСБСП сними едукативен видео спот во кој беа објаснети сообраќајните правила и прописи кои се однесуваат на возачите на **електрични тротинети** и беше укажано на последиците кои може да настанат како резултат на непочитување на истите.

- Во соработка со МВР, РСБСП сними едукативен видео спот **„Безбедно на експресен пат“**, со аудио визулени содржини за правилно користење на експресен пат - видео спот наменет за учесниците во сообраќајот на експресните патишта во државата. ГЦелта на овој видео спот е информирање и едуцирање на возачите на моторни возила за правилата при возење на експресен пат.

- Во соработка со АМСМ, беше снимен едукативен видео спот со цел едукација и подигање на јавната свест кај возачите на моторните возила за тоа што се подразбира под **зимска опрема**, кога и како треба да се користи, за неопходноста од употреба на зимска опрема, особено зимски гуми, како и за правилно местење на синџири за снег.

- Во соработка со Фудбалската Федерација на Македонија и МВР, снимен е едукативен видео спот, во кој **фудбалери – членови на фудбалската репрезентација** на Македонија, пренесоа апели и пораки за безбедно и одговорно учество во сообраќајот, упатени кон сите категории на учесници во сообраќајот.

- Во рамки на Проект **„Подобрување на безбедноста во сообраќајот кај децата“**, РСБСП во соработка со УНДП сними **четири** едукативни видео спотови, во кои на соодветен начин за најмалите ученици, се објаснети сообраќајните правила кои се однесуваат за учество на **пешаците** во сообраќајот и безбедно движење по сообраќајни површини наменети за пешаците.

- Во рамки на своите активности, РСБСП, како копродукција, учествување во изработката на краткометражен филм насловен „СОПАТНИЦИ“. Филмот е од едукативен карактер и обработува тема од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата, како и последиците кои може да настанат од непочитување на истите. РСБСП ќе го користи филмот при реализација на своите едукативни активности со ученици од средното образование.

**Во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, овозможено е овие спотови, како и претходно снимените едукативни материјали на РСБСП, кои се од поширок јавен и општествен интерес, да бидат бесплатно емитувани на сите медиуми со национална концесија.**

## 2. Осврт кон активностите

### 2.1. Интензивирани континуирани стратешки активности

Во 2025 година реализирани се поголем број на активности, јавни настани, едукативни предавања, итн. со цел подигање на свеста за последиците од неодговорното учество во сообраќајот. Посебно значајни од тој аспект беа кампањите "Стави појас", "Безбедноста на пешаците – одговорност на сите нас!", "Безбедно на велосипед", "Безбедно на електричен тротинет", „Да ја подигнеме сообраќајната свест кај младите (матуранти)" , "Летна кампања", „Новогодишна кампања" и кампањата „ Да ги заштитиме децата во сообраќајот - 2025".

Со цел унапредување на безбедноста во сообраќајот на децата како ранлива категорија на учесници во сообраќајот, во 2025 година на иницијатива на РСБСП, остварена е соработка со Бирото за развој на образование при МОН. Со претставниците на БРО е договорено проширување на наставната програма со теми од областа на сообраќајот, особено за учениците од VI до IX одделение.

Покрај тоа, во 2025 година интензивирани се активности за изработка и дистрибуција на стручна и едукативна литература, како и едукативни видео спотови.

Во 2025 година, РСБСП исто така стави акцент на силната соработка со средствата за јавно информирање и сообраќајно превентивното дејствување односно информирање, едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот со посредство на медиумите. Имено, во 2025 година, покрај интензивните сообраќајно едукативни активности, реализирани преку електронските и социјалните медиуми и редовното учество на членови и соработници на РСБСП на локални и национални медиуми, важно е да се потенцира дека РСБСП континуирано објавуваше и реализираше превентивни едукативни содржини преку електронските медиуми - веб портали, преку продукција и дистрибуција на едукативна радио програма како и преку закуп на јавен медиа простор – електронски банери и др. Со интензивното медиумско дејствување РСБСП континуирано влијаеше на свеста и однесувањето на учесниците во сообраќајот.

Во 2025 година, врз основа на меморандум за соработка, фрекфренциите на Македонско Радио, беа објавувани активностите и кампањите кои ги реализираше Советот, при тоа секојдневно беа емитувани апели и пораки за безбедно учество во сообраќајопт за сите категории на учесници во сообраќајот.

Исто така, РСБСП оствари соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при што е овозможено едукативните видео-спотови, снимени од страна на РСБСП, кои се од поширок јавен и општествен интерес, да бидат бесплатно емитувани на сите медиуми со национална концесија.

Во 2025 година РСБСП реализира голем број на акции со мобилни пунктови наменети за дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали – флаери, миризливи освежувачи за во

автомобил, маици, нараквици за чистење на снег,  маски за лице брендирани со сообраќајно едукативна содржина, води брендирани со сообраќајно едукативна содржина и др.

Јакнење на капацитетите на надлежните институции на локално ниво и високо ниво на соработка со  Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, а со тоа и интензивирање на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво е еден од постојаните  приоритети и стратешки цели на РСБСП.  На иницијатива и предлог на РСБСП, во текот на 2025 година, формирани се 10 општински совети за бебзбедност на сообраќајот. Согласно тоа РСБСП во 2025 година оствари повеќе работни состаноци со претставници на ОСБСП и локалната самоуправа и заеднички беа реализирани голем број на активности, настани и проекти на локално ниво.

Во 2025 година претставници на РСБСП, учествуваа на повеќе меѓународни и национални конференции, како и во работата на повеќе работни тела и комисии во државата, од кои поважно е да се напомене организацијата на Првата национална конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната самоуправа“, работата во координативното тело за изработка на „Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2024 – 2029“, каде РСБСП е носител на активностите, како и работата во комисијата за имплементација на проектот „Безбеден Град“.

**3. Препораки за идни активности**

Годишниот извештај за работа на РСБСП ги прикажува поважните активности кои РСБСП  ги реализира во 2025  година, но исто така дава еден краток преглед на најважните активности кои Советот ќе ги реализира во  наредната,  2026 година. Важно е да се потенцира дека, Програмата за работа на РСБСП за 2026 година,  претставува посебен  документ,  а во продолжение  следува  само краток преглед  на онаа што РСБСП  ќе  го реализира како приоритетна, постојана  и  пренесена обврска - активност од 2025 година, а која ќе  се реализира во 2026 година.

**3.1. Очекувани  активности на РСБСП за 2026 година**

1.  Учество на РСБСП во  работата на Координативното тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата со цел подготовка на Третата Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Продолжување на соработката со БРО, со цел унапредување на знаењата на учениците од основното образование со теми од обласа на сообраќајот.

3. Сообраќајно едукативна кампања за децата од основните училишта и предучилишна возраст со цел едукација на децата за основните правила и прописи во сообраќајот.  Изработка на

сообраќајно едукативни материјали за деца и родители со цел унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот.

4. Реализација на едукативни кампањи за подигање на јавната свест за поголема употреба на сигурносни појаси и детски седишта од страна на возачите и патниците.

5. Реализација на едукативни кампањи за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот со посебен акцент за подигање на јавната свест за подобрување на безбедноста на пешаците, велосипедистите и возачите на електрични тротинет како ранливи групи учесници во сообраќајот.

6. Реализација на едукативни кампањи за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот на мотоциклистите со посебен акцент за подигање на јавната свест за поголема употреба на заштитна опрема од страна на мотоциклистите и подигање на свеста за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот.

7. Интензивна соработка со општествено одговорни компании и подигање на свест за повисока коорпоративна одговорност во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и реализација на заеднички проекти и активности преку обезбедување на нагледни средства за сообраќајна едукација за децата од основните училишта и градинките и помошни материјали за реализација на превентивни сообраќајно едукативни активности.

8. Интензивна соработка со меѓународни органи, организации и институции од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

9. Реализација на сообраќајно превентивни активности на локално ниво преку засилена соработка со ОСБСП и единиците на локалната самоуправа.

10. Изработка на сообраќајно едукативни видео материјали за младите и децата како ранлива група на учесници во сообраќајот.

11. Активности за формирање и ставање во функција на ОСБСП и училишни сообраќајни единици

12. Користење на јавен медиумски простор и континуирани учество во медиумите со цел информирање, едукација и подигање на свеста за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата.

13. Обезбедување на опрема за Министерството за внатрешни работи, односно за сообраќајната полиција.

14. РСБСП, и во 2026 година континуирано ќе ја следи состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата и притоа согласно укажаните потреби, покрај редовните и традиционални кампањи, едукативни активности, стручни и научни собири, и другите редовни

активности ќе преземе и организира и дополнителни активности насочени кон оние целни групи во сообраќајот кои во тековната година ќе се покажат како посебно загрозени. Сите активности кои РСБСП ќе ги реализира во 2026 година ќе бидат во функција на долгорочно и трајно подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Заклучоци**

Од Годишниот извештај за работа на РСБСП за 2025 година може да се заклучи:

1. РСБСП успешно ги реализираше програмските активности кои беа утврдени во Програмата за работа за 2025 година.

2. Реализирани се голем број на сообраќајно едукативни активности насочени кон децата како ранливи групи учесници во сообраќајот и во таа насока изработени и дистрибуирани се голем дел на едукативни материјали за децата и дистрибуирани се голем број на материјали со цел поголема заштита на децата во сообраќајот.

3. Со цел информирање, едукација и подигање на свеста на сите групи учесници во сообраќајот, РСБСП во 2025 година, континуирано реализира активности преку социјалните медиуми, потоа изработка и објава едукативни текстови, совети и пораки на електронските медиуми, продуцирани и емитувани се сообраќајно едукативни пораки и совети преку радио, електронски банери, континуирано учество на членови и соработници на РСБСП на сите видови електронски и печатени медиум, дистрибуција на едукативни материјали на јавни места и угостителски објекти, итн.

4. Согласно законските обврски и законските одредби од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, обезбедена е опрема за јакнење на капацитетите на сообраќајната полиција во процесот на регулирање и контрола на патниот сообраќај.

5. Во 2025 година, РСБСП реализира голем број на сообраќајно едукативни кампањи за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот и со тоа значително влијаеше на однесувањето на учесниците во сообраќајот и на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

6. Реализирани се поголем број на активности и јавни настани со цел подигање на свеста за последиците од неодговорното учество во сообраќајот. Посебно значајни од тој аспект беа кампањите “Стави појас”, “Безбедноста на пешаците – одговорност на сите нас!”, “Безбедно на велосипед”, “Безбедно на електричен тротинет“, „Да ја подигнеме сообраќајната свест кај младите (матуранти)“ , “Летна кампања“, „Новогодишна кампања“ и кампањата „ Да ги заштитиме децата во сообраќајот - 2025“.

7. Статистиките податоци покажуваат дека во 2025 година, во Северна Македонија, 132 лица го загубиле животот во сообраќајни незгоди односно 10 жртви помалку во однос на 2024 година кога 142 лица го загубиле животот во сообраќајни незгоди. Во 2025 година безбедноста на сообраќајот на патиштата е поволна, односно бележиме помал број на загинати лица во сообраќајни незгоди во однос на претходната година.

Особено важно е да се истакне дека Република Северна Македонија, треба до го достигне нивото на безбедност на сообраќајот на патиштата односно просекот на земјите членки на Европската унија, а тоа е 5 загинати лица во сообраќајни незгоди на 100.000 жители или тоа во апсолутни бројки би значело помалку од 100 загинати лица на годишно ниво и оваа цел не е остварена.

Во 2025 година, РСБСП (како носител на активностиоте на координативното тело на Владата) интензивно работеше на донесување нов стратешки документ за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата односно изготвување на Трета национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2024 – 2029 година, чие донесување е во финална фаза.

Со цел директно да се придонесе за креирање на услови и можности за намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди исто така неопходно е во наредниот период да се продолжат и да се интензивираат инвестиции во патната и сообраќајната инфраструктура. На тој начини и преку континуирано јакнење на капацитетите на надлежните тела и преку силна посветеност, силен ангажман и интензивна соработка помеѓу сите надлежни субјекти, Република Северна Македонија ќе го достигне нивото на безбедност на сообраќајот на патиштата на земјите членки на Европската унија.

Очекуваме во 2026 година, имплементацијате на системот „Безбеден град“, сериозно да влијае на унапредување на безбедносната состојба во сообраќајот на патиштата, односно да се намали бројот на сообраќајни незгоди со тешки последици.

Од Годишниот извештај за работа на РСБСП, може да се заклучи дека, во 2025 година, РСБСП оствари високо ниво на соработка со надлежните институции и организации, а особено со МВР и Факултетот за безбедност – Скопје и во заедничка соработка, со силна посветеност и професионален ангажман, успешно ја реализира Годишната програма за работа за 2025 година.

Со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патишта, во рамките на своите надлежности, капацитети и реални можности, РСБСП и во 2026 година ќе продолжи со посветен, силен и континуиран ангажман за побезбеден сообраќај, со посебен акцент на унапредување на сообраќајно превентивното дејствување насочено кон сите групи учесници во сообраќајот и кон сите ризик фактори кои ја загрозуваат безбедноста на патниот сообраќај.

**Претседател на РСБСП**
**м-р Горан Ангеловски**